Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година

Скопје, август 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 23 август 2022 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, како и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците (видео конференциска врска), м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство (видео конференциска врска), доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 54-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јуни 2022 година
- Усвојување на Записникот од 60-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2022 година
- Усвојување на Записникот од 63-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јули 2022 година
- Усвојување на Записникот од 64-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јули 2022 година
- Усвојување на Записникот од 65-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јули 2022 година
- Усвојување на Записникот од 66-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година
- Усвојување на Записникот од 67-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 август 2022 година
- Усвојување на Записникот од 68-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2022 година
- Усвојување на Записникот од 70-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2022 година
- Усвојување на Записникот од 71-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 август 2022 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1710/1 КО Кисела Вода 2)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.2231/1 КО Струга)

3. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.37/22 (КП.бр.2304 дел 1 за КО Карпош)

5. Предлог-одлука за продажба на движни ствари

6. Информација за давање согласност за продажба на движни ствари-моторни возила сопственост на Народниот правобранител, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Апелационен суд Битола

8. Информација за нерешените имотно-правни работи во врска со изградба на Автопатот Миладиновци-Штип, Автопатот Демир Капија-Смоквица и Автопатот Кичево-Охрид

9. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип, со Предлог-одлука

10. Годишна сметка и Годишен извештај за работењето во 2021 година, со Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола, со предлог-одлуки

11. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“-Битола за 2021 година

12. Информација за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главни шумски производи на ЈП „Национални шуми“-п.о Скопје, со Предлог-одлука

13. Годишна сметка на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, со Извештај од независниот ревизор, со Предлог-одлука

14. Годишен извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, со Предлог-одлука

15. Тарифник за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности и Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со предлог-одлуки

16. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Албански театар за деца и млади“-Скопје

17. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле, Скопје

18. Извештај за првиот квартал од работата на Советодавната комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати

19. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог-одлуки

20. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

21. Информација за План на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории, со Акциски план

22. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје

23. Информација за донесување на Одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги К-пауер ДООЕЛ импорт-експорт Струмица со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и намена Е 1.8-Транформаторска станица, со Предлог-одлука

24. Информација за донесување на Одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги К-пауер ДООЕЛ импорт-експорт Струмица со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и намена Е 1.8-Транформаторска станица, со Предлог-одлука

25. Информација за донесување на Одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка

планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги К-пауер ДООЕЛ импорт-експорт Струмица со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и намена Е 1.8 Трансформаторска станица, со Предлог одлука

26. Барање согласност на Листа за дополнување на листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани Бр.09-1259/1 од 31.5.2022 година

27. Барање за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука

28. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево

29. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина (*)

30. Предлог-уредба за дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за остварување на правата на заедниците

32. Информација за престанување на важењето на Одлуката за продажба на недвижна ствар, со Предлог-одлука

33. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2021 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија донесени по точка 9 на Педесет и првата седница, одржана на 9 март 2021 година, со прилози

34. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2022 година

35. Информација за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година, со ревидиран Акциски план

36. Информација за потребата од обезбедување на заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за финансирање на Проектот за одржлив развој на општините

37. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште-Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина-песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот ,,Крупиште 1“, Општина Карбинци

38. Информација за завршување на преговорите за домашната регулатива во услугите во Светската трговска организација со Референтен документ за домашна регулатива во услугите и Предлог-листата за измена на Листата на специфични обврски во услугите

39. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2022 година

40. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2022 година

41. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

42. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 12 + 140,00 до км 14+240,00, КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000-км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+060-км 4+350 КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука

44. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Оризаре за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Оризари, КО Липково-вонград, КО Слупчане-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука

45. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството, со усогласен текст на Меморандум

46. Информација за засеани површини и остварено производство со оризова арпа во 2021 година и анализа на сегашните состојби со оризопроизводството во Република Северна Македонија

47. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог-одлуки

48. Информација во врска со потребата за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог-решение

49. Информација во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2021 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид

50. Информација за Просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030, со Предлог-план

51. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населено место Страчинце, Општина Гази Баба

52. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година

53. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци, Општина Богданци

54. Информација за донесување на Просторен план за заштитен предел-дел од планината Водно, за заштитено подрачје во категорија V, со Акциски план за изработка

55. Информација во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка

56. Информација за спроведување на ИПА проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен Регион

57. Предлог на закон за ратификација на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување

58. Предлог на закон за ратификација на Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан

59. Предлог на закон за ратификација на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан

60. Информација за критериумите за воспоставување на нов Комитет за градење на отпорност во НАТО и воспоставување на Координативно тело за спроведување на политика на НАТО за градење на отпорност

61. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерството за правда)

62. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2021 година

63. Информација за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2021 година

64. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија"

65. Информација за начинот на наплата на образец на пасош од страна на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство во постапката за издавање на пасош

66. Барање на Арда Окан Куртулан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

67. Информација во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на

Народниот правобранител за 2020 година од страна на органите на државната управа опфатени во истиот

68. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година и Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2021 година

69. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2020 година

70. Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција-Скопје за 2021 година

71. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година

72. Извештај за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, со финансиско-сметководствени извештаи и Извештај на независниот ревизор

73. Барање за давање на автентично толкување на член 37 став 1 точка 5) од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16), поднесено од пратеникот Бети Рабаџиевска-Наумовска

74. Барање за давање на автентично толкување на член 39 став 1, а во врска со ставот 2 и членот 67 точка 3 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), поднесено од пратеникот Илија Николовски

75. Посебен извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, а во врска со претставка доставена од Александар Кацарски за отстранување на констатираните повреди од Подрачното одделение за првостепена управна постапка Неготино на Управата за имотно-правни работи во Министерството за финансии

76. Иницијатива поднесена од Здружението на граѓани „Унија на потрошувачите на Македонија“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.117/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 3 во делот: „или за гласање во советот“ од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02)

77. Иницијатива од проф. д-р Јове Кекеновски за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22), доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.55/2022

78. Иницијатива од Владимир Петрушевски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.56/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 5, 18 и 19 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22)

79. Иницијатива од адвокатско друштво „Јоанидис“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 5, 7, 8 и 165 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/18)

80. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92982 за КО Чаир, на КП бр.1568/80 и КП бр.1568/81 викано место/улица Стари водовод и Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83 викано место/улица Стари водовод

81. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5019 за КО Сингилиќ-1, на КП бр.2819 викано место/улица Кожуфи

82. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 48266, за КО Бардовци, на КП бр. 654, викано место/улица „Зад чешмески рид“

83. Понуда од нотар Анида Цецева од Велес за право на првенствено купување на недвижен имот градежно земјиште кое претставува 224/1073 идеален дел од КП бр.2954, КО Оризари, евидентирано во Имотен лист бр.306, викано место/улица „Село“

84. Понуда од нотар Ахмет Халими од Кичево за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2160 и Имотен лист бр.6028 за КО Кичево 6, КП бр.3371/1, викано место/улица Град

85. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3745 и Имотен лист бр.84697 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, КП бр.3266/2, викано место/улица ул.Лука Геров

86. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2920 и Имотен лист бр.154 за КО Стојаково, на КП бр.7664, Викано место/улица Село

87. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7044 и Имотен лист бр.1926 за КО Сретеново на КП бр.1141, Викано место/улица Маршал Тито

88. Понуда од нотар Маринчо Вељановски од Битола за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 6587, за КО Битола 5, на КП бр. 1589, викано место/улица Кафтанџица

89. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.463, за КО Визбегово, на КП бр.849, КП бр.850 и КП бр.853, викано место/улица Село

90. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1547 за КО Маџари на КП бр.164/2 за викано место/улица Антон Попов

91. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.181 и Имотен лист бр.1181 за КО Стар Дојран, на КП бр.433, викано место/улица Маршал Тито

92. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13113 и Имотен лист бр.6268, дел 1, КО Бутел, на КП бр.1187, викано место/улица „Кипарска“ бр. 17

93. Понуда од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.629 и Имотен лист бр.100240 за КО Нов Дојран, на КП бр.1184/1, викано место/улица Манастир

94. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.575/22, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.499, за КО Мажучиште

95. Кадровски прашања

96. Прашања и предлози

97. Информација со список на штетни организми/фитосанитарна област, размена на карантински листи со статус размена на програми за истражување на штетни организми

98. Информација за спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем и мониторинг на животната средина“

99. Информација за спроведување на ИПА проектот „Поддршка во спроведувањето на законодавството за управување со отпад и проширена одговорност на производителот“

100. Информација за подготвен Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Управување со јавниот долг-задолжување на Република Северна Македонија“

101. Информација во врска со иницијативата за развој на рамка за модерен платен систем за прекугранични инстант плаќања во земјите од Западен Балкан

102. Информација за продажба на недвижен имот во Кочани доделен на Република Северна Македонија-корисник Министерство за финансии во стечајната постапка на Експорт-импорт банка АД Скопје

103. Информација во врска со задолжувањето на Јавното претпријатие „Национални шуми” во најкраток можен рок да донесе План за управување со Заштитен предел „Осоговски планини” и Заштитен предел „Малешево”, како и посебни планови за одгледување и заштита на шуми во заштитените подрачја

104. Годишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, со дополнување

105. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус-производи од животинско потекло

106. Записник од одржаната конститутивна седница на Советодавната комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати

107. Извештај за работата на Советодавната комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со

сурова нафта и/или нафтени деривати, со Записник од одржана Прва вонредна седница на Советодавната комисија

108. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д. Скопје за период од 1.1.2022 до 31.3.2022 година

109. Одлука за изменување и дополнување на Планот за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година

110. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

111. Извештај за реализација на финансиските средства за спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година

112. Годишен извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2021 година

113. Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година (период јануари-јуни)

114. Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, со прилози

115. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.41-3162/1 од 5.4.2022 година

116. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот просветен инспекторат

117. Информација за повеќегодишна јавна набавка на стока-софтверски лиценци за виртуелна платформа

118. Информација за заземање на нови ставови во постапката за водење преговори за склучување Договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, со текст на Договор

119. Информација за проверка на податоците за лицата кои оствариле право на помош за утврдена загуба на приходот од продажбата на земјоделските растенија и животни и на земјоделскиот имот и штетите на стакленици и пластеници од штетни настани, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, а во согласност со член 9 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување

120. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022)

121. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за проектот „Регулација на дел од ободен канал во н.м. Арачиново, Општина Арачиново“

122. Информација за обезбедување на дополнителни финансиски средства кои произлегуваат од доспеани обврски и реализирани извршни решенија во НУ Национална опера и балет-Скопје, НУ Албански театар-Скопје и НУ Национална универзитетска библиотека ,,Свети Климент Охридски“-Скопје

123. Информација за состојбата на Акумулацијата Паљурци, со предлог-заклучоци

124. Информација за основање на совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Предлог-решение

125. Информација за исплата на пензии за август 2022 година

126. Информација за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во периодот 12 март 2022-2 јуни 2022 година

127. Предлог-решение за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет на државите-наследници на поранешната СФРЈ за поделба на дипломатско-конзуларните имоти на СФРЈ

128. Информација за воспоставување на институционална структура за координација и следење на спроведувањето на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија и протоколите од состаноците на Заедничката меѓувладина комисија формирана согласно Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 54 -та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јуни 2022 година, Записникот од 60 -та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2022 година, Записникот од 63-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 јули 2022 година, Записникот од 64-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 јули 2022 година, Записникот од 65-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 јули 2022 година, Записникот од 66-та тематска седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 јули 2022 година, Записник од 67-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 август 2022 година, Записникот од 68-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 август 2022 година, Записник од 70-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 август 2022 година и Записникот од 71-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 август 2022 година.

*

*     *

**Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2022 година-31 декември 2022 година**

Владата ги разгледа Барањето од Министерството за одбрана и известувањата од Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски и Министерството

за локална самоуправа за изменување на Законодавната агенда, ги прифати и заклучи да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлогот на закон за критична инфраструктура рокот за доставување, да биде октомври 2022 година;

- Предлогот на закон за јавно приватно партнерство, Предлогот на закон за концесии на добра од општ интерес и Предлогот на закон за инсолвентност, рокот за доставување, наместо септември 2022 година да биде октомври 2022 година;

- Предлогот на закон за основање на Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Предлогот на закон за железничкиот систем, Предлогот на закон за интероперабилност во железничкиот систем, Предлогот на закон за основање на Агенција за истражување на несреќи во воздушниот, внатрешниот воден и железничкиот сообраќај, Предлогот на закон за основање на Агенција за безбедност во железничкиот систем и Предлогот на закон за безбедност во железничкиот систем, нема да бидат доставени до 31.12.2022 година и истите соодветно да бидат предвидени во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година;

- Предлогот на закон за локалната самоуправа, Предлогот на закон за Градот Скопје, Предлогот на закон за меѓуопштинска соработка и Предлогот на закон за Државниот инспекторат за локална самоуправа, нема да бидат доставени до 31.12.2022 година.

Истовремено, Владата заклучи рокот за доставување на Предлогот на закон за архивска дејност да биде 1.10.2022 година.

Согласно горенаведеното, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година.

- Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2022-31.12.2022 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

- Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2022-31.7.2022 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1710/1 КО Кисела Вода 2), за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

Истовремено, Владата го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија во најкус можен рок да постапува и до Владата да доставува усогласени материјали, со цел навремено завршување на постапките за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Исто така, со материјалите Државното правобранителство на Република Северна Македонија да доставува и соодветен доказ/потврда дека не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

**Точка 2**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.2231/1 КО Струга), за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, како и Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

Истовремено, Владата го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија во најкус можен рок да постапува и до Владата да доставува усогласени материјали, со цел навремено завршување на постапките за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Исто така, со материјалите Државното правобранителство на Република Северна Македонија да доставува и соодветен доказ/потврда дека не се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

**Точка 3**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.37/22 (КП.бр.2304 дел 1 за КО Карпош), за наредната седница на Владата, поради потребата текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за продажба на движни ствари-моторни возила сопственост на Народниот правобранител, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Апелационен суд Битола (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за нерешените имотно-правни работи во врска со изградба на Автопатот Миладиновци-Штип, Автопатот Демир Капија-Смоквица и Автопатот Кичево-Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија за Град Скопје, за подрачје на Велес, за подрачје на Гевгелија и за подрачје на Кичево, секој во рамките на својата надлежност, во најкраток можен рок да ги преземат сите потребни дејствија за целосно завршување на постапките за експропријација на недвижностите опфатени со наведените проекти.

2. Се задолжува Управата за имотно-правни работи-Подрачно одделение Гази Баба, Подрачно одделение Неготино, Подрачно одделение Кичево и Подрачно одделение Охрид, секој во рамките на својата надлежност, во најкраток можен рок да ги преземат сите потребни дејствија за целосно завршување на постапките за експропријација на недвижностите опфатени со наведените проекти и донесените акти веднаш да ги достават до Агенцијата за катастар на недвижности.

3. Се задолжува Бирото за судски вештачења, во најкус можен рок да ги изготви процените за косините на Автопатот Кичево-Охрид.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во најкус можен рок, да ги заврши започнатите постапки за пренамена на земјоделско во градежно земјиште на недвижностите опфатени со наведените проекти.

5. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности, веднаш по добивање на актите за експропријација на недвижностите, како и одлуките за пренамена на земјоделско земјиште, во најкус можен рок да извршат соодветна промена во јавната книга на недвижности.

6. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 15 дена да ја извести Владата за реализација на овие заклучоци.

Истовремено, Владата формира работна група составена од директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, директорот на Управата за имотно-правни работи, државен правобранител од соодветното подрачје

(Град Скопје, Велес, Гевгелија и Кичево) и претставници од Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за катастар на недвижности и Бирото за судски вештачења, со цел интензивирање на решавањето на имотно-правните работи.

**Точка 9**

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата по Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето во 2021 година, со Ревизорски извештај на независна ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола и предлог-одлуки (нов текст) ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола за 2021 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за покривање на загуба на ЈП „Стрежево“-Битола за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главни шумски производи на ЈП „Национални шуми“-п.о Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на главните шумски производи на ЈП „Национални шуми”-п.о. Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи на следната тематска седница на која ќе се дискутира за енергетската криза, да се отвори расправа и за ограничување на максималната продажна цена на огревно дрво од даб и бука до 31.12.2022 година за друштва и трговци поединци кои учествуват во трговскиот ланец во трговијата на мало.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, со Извештај од независниот ревизор и новиот текст на Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија-Скопје да подготви и до 15 септември 2022 година до Владата да достави Информација за преземените активности по однос на прашањата кои се основа за ,,Мислење со резерва на ревизорот", согласно мислењата на Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 14**

Владата по Годишниот извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1.1.2021-31.12.2021 година, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период 1.1.2021-31.12.2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да подготви и до 15 септември 2022 година до Владата, да достави информација за преземените активности по однос на прашањата кои се основа за ,,Мислење со резерва на ревизорот", согласно мислењата на Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 15**

Владата на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Тарифникот за висината на надоместокот за заверка на геодетските елаборати за извршени геодетски работи, за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и за запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности и Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ, со предлог-одлуки, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа „Албански театар за деца и млади"-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за првиот квартал од работата на Советодавната комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати, го усвои Извештајот и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Агенцијата за задолжителни нафтени резерви да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за животна средина и просторно планирање, во предложениот текст.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за локална самоуправа, во предложениот текст.

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Економскиот факултет при Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во предложениот текст и

- Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Природно-математичкиот факултет при Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за План на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, најдоцна до 31 декември 2022 година, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за заштита од пушењето или за негово изменување или дополнување, во кој ќе бидат земени предвид предлозите од Прилог 1 кон Информацијата за План на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории, со Акциски план.

2. Се задолжува Инспекцискиот совет, првиот збирен извештај за постапувањето по Законот за заштита од пушење (Активност број 7 во Акцискиот план), да го достави до Владата, најдоцна до 15 февруари 2023 година.

## Точка 22

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- Се задолжува Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија во финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје и истиот во рок од 15 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Доколку, Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје не го достави Акцискиот план во претходно утврдениот рок, повторно да се отвори расправа за оваа проблематика на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, во присуство на директорот на Друштвото.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги К-пауер ДООЕЛ импорт-експорт Струмица со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и намена Е 1.8-Транформаторска станица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги К-пауер ДООЕЛ импорт-експорт Струмица со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и намена Е 1.8-Транформаторска станица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, а лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на Друштво за производство, транспорт, трговија и услуги К-пауер ДООЕЛ импорт-експорт Струмица со намена Е1.13-површински соларни и

фотоволтаични електрани и намена Е 1.8 Трансформаторска станица, со Предлог одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа Барањето согласност на Листа за дополнување на листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани Бр.09-1259/1 од 31.5.2022 година и даде согласност на Листа за дополнување на листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани.

**Точка 27**

Владата по Барањето за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Чешиново-Облешево, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиска дисциплина (*), го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 30**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*), во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Одлуката за продажба на недвижна ствар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на недвижна ствар во Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2021 година, како и за степенот на реализација на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија донесени по точка 9 на Педесет и првата седница, одржана на 9 март 2021 година, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда во рок од три дена Информацијата на Царинската управа да ја достави до Судскиот совет на Република Северна Македонија со препорака Судскиот совет да го задолжи Управниот суд во рок од 30 дена да ги огласи за правосилни пресудите наведени во Табеларниот преглед број 1 на Царинската управа, како и да му укаже на Управниот суд во иднина ваквото огласување да го врши на тековна основа.

2. Се задолжува Царинската управа во рок од 30 дена писмено да ја извести Агенцијата за управување со одземен имот за стоките од прекршочните предмети кои се опфатени со табеларните прегледи број 2 и број 3 на Царинската управа и да спроведе постапка согласно член 48 став 4 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, како и согласно член 43 став 3 од Правилникот за постапување со одземен имот.

3. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот во рок од 15 дена од денот на известувањето од Царинската управа да донесе одлука за продажба и отстапување на стоките од прекршочните предмети кои се опфатени со табеларните прегледи број 2 и број 3 на Царинската управа.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 30.6.2022 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Градот Скопје, Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие водовод и канализација-Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица-Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват Акцискиот план по дадениот Образец со статус заклучно со 30.9.2022 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални

кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 14.10.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 28.10.2022 година до Владата да достави информација врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Заклучокот бр.1.

3. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорачува на јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост да не поднесуваат нови иницијативи за задолжување, се додека имаат сериозни доцнења во реализацијата и повлекувањето на средства на крупните инфраструктурни проекти кои ги имплементираат.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година, со ревидиран Акциски план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати ревидираниот Акциски план за воспоставување на системот за индиректно управување од страна на Република Северна Македонија со ИПА средствата согласно барањата од Регулативата за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 3) за Годишната акциска програма за 2022 година.

2. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да извршат измена на актите за организација и систематизација со цел нивно прилагодување на новата ИПА организациска структура согласно барањата за имплементација на ИПА 3 и препораките на проектот, најдоцна до 30 септември 2022 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања-НИПАК Секретаријатот во координација со националниот координатор за авторизација (НАО), а во соработка со ЕУД да обезбедат спроведување на независна ревизорска проценка на усогласеноста (compliance assessment) на пакетот документи подготвени од националните власти во рамки на утврдените рокови од Акцискиот план за воспоставување на систем за индиректно управување со ИПА средствата за Годишната акциска програма за 2022 година најдоцна до крајот на септември 2022 година.

4. Се задолжува Националниот координатор за авторизација назначен за ИПА 2, Секретаријатот за европски прашања како НИПАК (национален ИПА координатор) Секретаријат, ИПА структурата во Министерството за транспорт и врски и ИПА структурата во Министерството за животна средина и просторно планирање како тела за управување и Министерството за финансии-Секторот за централно финансирање и склучување на договори како интермедијално тело за финансиско управување, најдоцна до 31 август 2022 година, да ги ревидираат анализите за обем на работа согласно потребите и активностите за имплементација на Годишната акциска програма за 2022 година од ИПА 3 и резултатите од истите, во соработка со одделенијата за човечки ресурси да ги инкорпорираат во плановите за вработување на институциите.

Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењета на Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за финансирање на Проектот за одржлив развој на општините, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да подготви и достави барање до Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за обезбедување на заем во износ до 50 милиони ЕУР за финансирање на Проектот за одржлив развој на општините.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок на важење на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, делница Крупиште-Кочани од км 14+300 до км 28+055 на минерална суровина-песок и чакал на Јавното претпријатие за државни патишта на локалитетот ,,Крупиште 1", Општина Карбинци и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за завршување на преговорите за домашната регулатива во услугите во Светската трговска организација со Референтен документ за домашна регулатива во услугите и Предлог-листата за измена на Листата на специфични обврски во услугите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати Референтниот документ за домашна регулатива во услугите и Предлог-листата за измена на Листата на специфични обврски во услугите.

2. Се задолжува Министерството за економија до Секретаријатот на Светската трговска организација да ја достави Предлог-листата за измена на Листата на специфични обврски во услугите, најдоцна до 31.12.2022 година.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 12 + 140,00 до км 14+240,00, КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за автопатско решение за Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Миладиновци-Свети Николе за проширување на изградени косини од км 12 + 140,00 до км 14+240,00, КО Катлановска Сушица, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000-км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+060-км 4+350 КО Другово, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изменување и дополнување на Проектот за инфраструктура за патен коридор 8-Автопат Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево-Подвис, км 0+000-км 10+424,89, за стабилизација на косина км 4+060-км 4+350 КО Другово, Општина Кичево, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Оризаре за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Оризари, КО Липково-вонград, КО Слупчане-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Оризаре за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Оризари, КО Липково-вонград, КО Слупчане-вонград, Општина Липково, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството.

2. Се определува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Хашемитското Кралство Јордан за соработка во областа на земјоделството.

**Точка 46**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за засеани површини и остварено производство со оризова арпа во 2021 година и анализа на сегашните состојби со оризопроизводството во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Агенцијата за стоковни резерви во рок од 30 дена да достави до Владата предлог на закон за дополнување на Законот за стоковните резерви.

**Точка 47**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог-одлуки, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за формирање Цивилно-воен комитет, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2021 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2021 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид.“

**Точка 50**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за Просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030, со Предлог-план, поради потребата Министерството за култура да подготви и до Владата да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населено место Страчинце, Општина Гази Баба и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022 и 2023 година на Министерството за животна средина и просторно планирање да започне постапка за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за изградба на фекална канализација во населено место Страчинце, Општина Гази Баба, со следнава динамика на реализација:

- 2022 година 10.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ и
- 2023 година 26.820.000,00 денари, со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства за изградба на фекална канализација во населено место Страчинце, Општина Гази Баба да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 52**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2021 година.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци, Општина Богданци и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2023, 2024 и 2025 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за финансирање на активности за реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци, Општина Богданци, во вкупна вредност од 245.019.084,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 75.000.000,00 денари во 2023 година
- 85.000.000,00 денари во 2024 година и
- 85.019.084,00 денари во 2025 година

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 54**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за донесување на Просторен план за заштитен предел-дел од планината Водно, за заштитено подрачје во категорија V, со Акциски план за изработка, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за култура да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово за продолжување на рокот за изградба и започнување со комерцијална работа на МХЕЦ Вејачка и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Вејачка бр. 11-2142/1 од 26.3.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 22.10.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот АК Хидро 2016 ДООЕЛ Тетово да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот најмалку до 22.12.2022 година.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен Регион и ја усвои со следниве заклучи:

1. Се укажува на општините од Источниот регион: Берово, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница, Чешиново-Облешево, Карбинци, Зрновце, Свети Николе и од Североисточниот Регион: Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане да земат поактивно и редовно учество во имплементацијата на Проектот.

2. Се препорачува на општините-крајни корисници на Договорот за градежни работи „Затворање на непрописните депонии и ѓубришта во Источен регион (лот 1)", и тоа општините Берово, Делчево, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Штип, Виница и Свети Николе, да обезбедат квалификуван стручен кадар, да ги обезбедат потребните финансиски средства во Буџетот на општината за ревизија на основните проекти во најкраток можен рок и последователно да преземат активности за издавање на одобрение за градење со цел за да се овозможи непречена реализација на градежните работи и да се избегне ризикот од поднесување на оштетни побарувања од страна на изведувачите, кои повлекуваат негативни финансиски импликации врз Буџетот на државата.

3. Се задолжува Министерството за финансии-Сектор за централно финансирање и склучување на договори да ги преземе сите активности за раскинување на Договорот за градежни работи „Затворање на непрописните депонии и ѓубришта во Североисточен Регион (лот 2)", согласно одредбите од Договорот, за да може соодветно да се започне тендерска постапка за избор на нов изведувач на градежните работи.

**Точка 57**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за ратификација на Мултилатералната конвенција за имплементација на мерките за спречување на ерозија на даночната основа и преместување на профитот кои се однесуваат на договорите за одбегнување на двојното оданочување, поради потребата текстот на истиот претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 58**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници д-р Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација, Џенк Сејфула, директор во Министерството за надворешни работи и Јакуп Реџепи, директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 59**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Енвер Хусеин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 60**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за критериумите за воспоставување на нов Комитет за градење на отпорност во НАТО и воспоставување на Координативно тело за спроведување на политика на НАТО за градење на отпорност и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во рок од 60 дена, да формира Координативно тело за спроведување на политика на НАТО за градење на отпорност, со учество на сите институции кои се вклучени во системот за национален кризен менаџмент, да координира со процесот за имплементација на барањата при градење на отпорност, согласно Стратегијата за градење отпорност и справување со хибридни закани и за истото да ја извести Владата.

2. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во рок од 15 дена, да назначи лице кое ќе учествува, на годишно ниво, на состанокот на владините претставници, номинирани од земјите членки на НАТО, кои координираат и известуваат за националните напори за имплементација за основните барања, стратегиски цели за градење на отпорност и националните оперативни цели и за назначувањето да го извести Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во рок од 15 дена, да назначи лице кое ќе учествува во работата на пленарните сесии, на ниво на политички директор на Комитетот за градење на отпорност и за назначувањето да го извести Министерството за надворешни работи.

4. Се задолжува Центарот за управување со кризи, во рок од три месеци, да ја започне постапката за упатување на свој вработен во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО, согласно Законот за надворешни работи, со цел редовно учество во работата на Комитетот на НАТО за градење на отпорност.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2021 година и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Управата за јавни приходи во рок од три месеци да изврши соодветна анализа на податоците прикажани во нивните годишни сметки и тоа за последните пет изминати години, посебно кај нотарите кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи трошоци во работењето.

2. Се задолжува Министерството за финансии повторно да направи анализа за целосходноста од Законот за задолжница и за потребата од негово целосно укинување.

3. Се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии, во рок од три месеци да направат консултација со стопанските комори во Република Северна Македонија пред да се донесе конечната одлука за примената на Законот за нотаријатот и Законот за задолжница.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2021 година, ја усвои Информацијата и ја задолжи Управата за јавни приходи во рок од три месеци, да направи соодветна анализа на податоците на извршителите прикажани во нивните годишни сметки и тоа за последните пет изминати години, особено кај извршителите кои прикажуваат високи вкупни приходи и екстремно високи трошоци во работењето, со цел да се утврди дали извршителите реално ги прикажуваат приходите и расходите во завршните сметки според сметководствените прописи.

**Точка 64**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" и ја усвои Информацијата со укажување да се има предвид Мислењето на Министерството за финансии, со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за правда -Управа за извршување на санкциите, еднаш месечно, во делот пред Преминувањето на Дневниот ред, да ја информира Владата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија".

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на наплата на образец на пасош од страна на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство во постапката за издавање на пасош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Секретаријатот за законодавство да изнајдат соодветно решение за начинот на наплата на образецот на пасош од страна на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, во постапката за издавање на пасош.

**Точка 66**

Владата го разгледа Барањето на Арда Окан Куртулан, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

**Точка 67**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител за 2020 година од страна на органите на државната управа опфатени во истиот, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- Се укажува на Град Скопје во рок од три дена до Владата да достави известување за спроведување на препораките од Народниот правобранител.

**Точка 68**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2021 година и Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

1. Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2021 година е подготвен согласно член 158-п од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.1/19 и 31/20), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за своето работење и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2021 година, презентирани се активностите на Агенцијата поврзани со нормативната дејност, издавање и одземање дозволи, согласности, лиценци, вршење супервизија на учесниците на пазарот на осигурување, заштита на потрошувачи, едукација и организирање обуки.

Агенцијата спроведува супервизија на осигурителните субјекти преку перманентна вонтеренска супервизија со прибирање и анализирање на доставените извештаи и информации и преку теренска (целосна или делумна) супервизија. Согласно Извештајот, во текот на 2021 година, Агенцијата има спроведено 3 теренски супервизии, врз основа на кои има издадено 4 наредби за отстранување на незаконитости и една постапка за порамнување како резултат на констатирани прекршоци. Врз основа на вонтеренската супервизија, Агенцијата има изречено 40 наредби за отстранување на незаконитости и дополнителни мерки за супервизија, односно издадени се две решенија, од кои решение кон осигурително брокерско друштво за забрана за склучување на нови договори за осигурување (полиси) и решение кон друштво за осигурување.

Во делот на лиценцирањето, Агенцијата во 2021 година има издадено 345 лиценци за застапници во осигурувањето и 29 лиценци за осигурителни брокери. Во 2021 година одземени се 47 лиценца за застапник во осигурување и 1 дозвола за вршење на осигурително брокерски работи, поради престанок со работа на друштвото.

Во насока на постигнување високо ниво на заштита на потрошувачите, во текот на 2021 година, Агенцијата ги продолжила активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни производи на осигурување. Во текот на 2021 година, до Агенцијата се поднесени 206 претставки од кои 159 претставки се решени, 22 претставки се без основа за постапување, 12 претставки се повлечени и 13 се во процес на решавање.

Имајќи предвид дека Агенцијата за супервизија на осигурување во 2021 година ги извршувала своите активности во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2021 година.

2. Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во Република Северна Македонија во 2021 година е подготвен согласно член 158-о од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и

31/20), според кој Агенцијата за супервизија на осигурување подготвува годишен извештај за состојбата и движењата на пазарот на осигурување и го доставува, најдоцна до 30 јуни од тековната година за претходната деловна година, до Собранието на Република Северна Македонија на усвојување.

Согласно Извештајот, на крајот на 2021 година на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија активно работат 16 друштва за осигурување, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 5 осигурување на живот. Во текот на 2021 година активни се 39 осигурително брокерски друштва, 12 друштва за застапување во осигурување и 7 банки кои вршат работи на застапување во осигурување, при што бројот на осигурително брокерските друштва во однос на претходната година е намален за едно осигурително брокерско друштво, а бројот на друштва за застапување во осигурување е зголемен за две друштва.

Бруто полисираната премија остварена во 2021 година е во вкупен износ од 11,63 милијарди денари, што претставува зголемување од 15,54% во однос на бруто полисираната премија остварена во 2020 година која изнесувала 10,06 милијарди денари. Кај неживотно осигурување бруто полисираната премија е во износ од 9,63 милијарди денари (2020: 8,32 милијарди денари), односно зголемување од 15,65% во однос на 2020 година, а кај осигурувањето на живот бруто полисираната премија е во износ од 2,00 милијарди денари (2020: 1,74 милијарди денари), што претставува зголемување од 15,01% во однос на 2020 година.

На крајот на 2021 година друштвата за осигурување располагаат со средства во износ од 28,51 милијарди денари и истите во однос на 2020 година бележат пораст од 11,06% во однос на претходната година (2020: 25,67 милијарди денари).

Капиталот на осигурителниот сектор во 2021 година е 3,8 пати над потребното ниво на маргината на солвентност, што укажува на стабилноста на осигурителниот сектор.

Во 2021 година, друштвата за осигурување оствариле добивка во износ од 132,95 милиони денари, која е за 70,56% пониска во однос на добивката остварена во 2020 година (2020: 451,66 милиони денари).

Со оглед на тоа што во Годишниот извештај за состојбата и движењата на осигурителниот пазар во 2021 година се презентирани реалните состојби во осигурителниот сектор, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Извештајот и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои истиот.

## Точка 69

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2020 година е во функција на исполнување на законската обврска согласно член 6 став (1) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16 и 11/18), според кој Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.

Со Извештајот од една страна е претставена општата статистика на предметите на Државната комисија согласно член 6 (3) од Законот, а исто така, дадени се и статистички податоци на предметите оформени според области.

Исто така, Извештајот содржи прилог на внатрешната организација на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и нејзината кадровска структура во поставеност и ефикасност, активности за подобрување на квалитетот во работата, како и препорака за зголемување на ефикасноста во работењето на Комисијата и унапредување на постапувањето во управните постапки.

Со Годишниот извештај се опфатени надлежноста, организациската структура, како и вкупниот број на примени и решени предмети во текот на 2020 година, по жалби против решенија донесени во прв степен во управна постапка, како и по жалби/приговори против одлуките кои се однесуваат на правата и обврските кои произлегуваат од работните односи за кои е надлежна Државната комисија. Даден е осврт на работењето во посебни услови поради пандемијата од КОВИД-19, со информација дека Државната комисија ги почитувала препораките и презела мерки согласно предвидените протоколи.

Во овој Извештај описно и табеларно се прикажани сите активности и постапувања, со направена категоризација, а на крајот на овој извештај се прикачени и прилози. Исто така во самиот Извештај се дадени препораки за самата институција, но и за другите институции/органи кои треба да бидат разгледани и спроведени.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2020 година.

**Точка 70**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2021 година, и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за Оперативно-техничката агенција за 2021 година, е во функција на отчетност за работата на Агенцијата, согласно член 7 од Законот за Оперативно-техничката агенција („Службен весник на Република Македонија“ број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), според кој директорот до Собранието на Република Северна Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција за претходната календарска година, најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

Во Извештајот се презентирани податоци за реализираните средства во текот на 2021 година и истите се во согласност со податоците со кои располага Министерството за финансии.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција-Скопје за 2021 година.

**Точка 71**

Владата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година.

Во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се резултатите од извршените ревизии и утврдените состојби кај субјектите кои биле предмет на ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

Државниот завод за ревизија во 2021 година извршил вкупно 68 ревизии, од кои 56 ревизии на регуларност, 7 ревизии на успешност, 3 ревизии на усогласеност и 2 ИТ ревизии. Со спроведените ревизии опфатени се вкупно 136 субјекти, констатирани се 1170 наоди и издадени се вкупно 654 препораки. Од вкупно издадените препораки за 354 препораки законскиот рок од 90 дена за известување за преземените мерки не е изминат, а за останатите 300 препораки за кои рокот за добивање на повратни информации е изминат за 182 препораки се преземени мерки.

Согласно Извештајот, вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2021 година изнесувал 116.295 илјади денари. Од нив 99,39% или 115.593 илјади денари се средства обезбедени од основниот буџет на сметките (637 и 631) и 0,6% или 702 илјади денари се средства обезбедени од сопствени приходи, односно од сметката на буџет на донации (785).

Од аспект на структурата на реализираните расходи на Државниот завод за ревизија најголемиот дел од нив 84,4% или 93.794 илјади денари се однесуваат на плати и надоместоци на вработените, 12% или 13.368 илјади денари се однесуваат за стоки и услуги и 3,3% или 3.693 илјади денари се однесуваат за капитални расходи.

Во однос на донациите, во 2021 година од сметката 785-буџет на донации реализирани се средства во вкупен износ од 702 илјади денари, добиени како донација од страна на Меѓународната институција на врховни ревизорски институции ИНТОСАИ.

Составен дел на Годишниот извештај е Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи за проект од Меѓународната организација ИНТОСАИ.

Ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија е извршена од страна на Друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје. Според мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, како и финансиските извештаи за проект од Меѓународна организација ИНТОСАИ ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија и законското користење на средствата во 2021 година.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2021 година.

## Точка 72

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, со финансиско сметководствени извештаи и Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наведеното во Извештајот за остварениот финансиски резултат на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година, дел 1.2 Извештај за останата сеопфатна добивка-Биланс на успех, за период од 1.1.2021 година заклучно со 31.12.2021 година (по групи на сметки) во 2021 година Агенцијата за цивилно воздухопловство, остварила вкупни приходи во износ од 168.550.728 денари и вкупни расходи во износ од 178.161.271 денари.

Согласно Извештајот на независниот ревизор, финансиските извештаи ја прикажуваат веродостојно и објективно, во сите материјално значајни аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за цивилно воздухопловство, на 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност и парични текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди за финансиско известување кои се прифатени и објавени во Република Северна Македонија, со нагласување на прашањето поврзано со евиденција на основачкиот капитал на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Согласно горенаведеното, потребно е Агенцијата за цивилно воздухопловство да извести за активностите кои се преземаат од страна на надлежните органи за постапување по дадените забелешки од страна на независниот ревизор и да даде подетално образложение за зголемувањето на трошоците за вкалкулирани бруто плати, јубилејни награди, авторски хонорари и договор на дело.

## Точка 73

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 37 став 1 точка 5) од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16), поднесено од пратеникот Бети Рабаџиевска-Наумовска и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 176 став 6 од Деловникот на Собранието на Република Македонија по предлог барање за автентично толкување на закон расправа и одлучува Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно член 17 став 1 алинеја 8 од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.86/08, 156/10, 53/11, 163/13, 152/15 и 31/16), управителот на гробиштата ја утврдува висината и наплатата на надоместокот за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата и придружните објекти на гробиштата.

Согласно член 18 став 4 „За пристап и користење на инфраструктурата на гробиштата и на придружните објекти на гробиштата по поднесено барање, управителот на гробиштата склучува договор со операторите на погребалните услуги и со каменорезачите. Управителот на гробиштата е должен по поднесувањето на барањето за склучување на договорот, да одговори во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето“ и став 5 „За пристап и користење на инфраструктурата на гробиштата и на придружните објекти, на лицата од ставот (1) на овој член, управителот на гробиштата им наплатува надоместок. Висината на трошоците за користење на

инфраструктурата на гробиштата и на придружните објекти за операторот на погребални услуги се определува во зависност од времето на користење на инфраструктурните објекти и на придружните објекти во единица час-погреб. Висината на трошоците за користење на инфраструктурата на гробиштата и на придружните објекти за каменорезачот се определува во зависност од времето на користење на инфраструктурните објекти и на придружните објекти во единица час. Висината на надоместокот ја определува управителот на гробиштата на која согласност дава органот на општината, општините во Градот Скопје, односно Градот Скопје".

Согласно член 20 „погребалните услуги ги вршат физички и правни лица кои имаат дозвола за вршење на погребални услуги (оператор на погребални услуги)".

Согласно член 30 став 1 „Лицата од членот 20 на овој закон може да вршат погребување само врз основа на одобрение за погреб кое се издава од управителот на гробиштата".

Согласно член 37 став 1 точка 2 „надоместок за пристап и користење на гробишна инфраструктура (мртовечница, ладилник и други инфраструктурни објекти) од операторите на погребалните услуги и каменорезачите."

Согласно горе цитираните одредби од Законот за гробишта и погребални услуги, произлегува дека управителот на гробиштата пресметува надоместок за пристап и користење на инфраструктура на гробиштата и придружните објекти.

**<u>Точка 74</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 39 став 1, а во врска со ставот 2 и членот 67 точка 3 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), поднесено од пратеникот Илија Николовски и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 39 од Законот за туристичка дејност, туристички водич е лице кое на домашните и странските посетители во Република Северна Македонија им ги презентира природните и антропогените туристички атрактивности, историјата на земјата и културно-историските споменици, уметнички дела, етнографски и други атрактивности, историски настани, легенди и личности за тие настани, општественото уредување на земјата и има комуникативни способности, општи познавања од туризмот и психологијата на туризмот и го познава јазикот кој го користат странските туристи.

Согласно членот 41 од Законот за добивање на легитимација за туристички водич треба да се положи стручен испит за туристички водич пред испитна комисија.

Испитната комисија за полагање стручен испит за туристички водич ја формира високообразовната установа за туризам и угостителство.

Стручниот испит за туристички водич се полага според утврдена програма.

Програмата за полагање стручен испит за туристички водич ја донесува високообразовната институција за туризам и угостителство по претходна согласност на органот на државната управа надлежен за работите од областа на образованието и науката, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и просторното планирање и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.

Својството на туристички водич се докажува со посебна легитимација која се издава од овластено правно лице во рок од осум дена од денот на поднесување на барањето.

Согласно горенаведеното, се потенцира дека секое лице вклучувајќи ги и лицата кои се вработени во туристичка агенција можат да вршат дејност туристички водич доколку поседуваат уверение за положен стручен испит, односно легитимација од овластено правно лице.

Ставот 2 од членот 39 од Законот за туристичката дејност ги опфаќа вработените во туристичка агенција кои не поседуваат уверение за положен стручен испит за туристички водич и легитимација, односно се мисли на вработени во туристичка агенција кои се ангажирани да придружуваат група туристи во патувањето, како и лица кои се ангажираат како водич во пештера, водич на лов и риболов, како и водител или придружник на екскурзии и излети.

## Точка 75

Владата го разгледа Посебниот извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, а во врска со претставка доставена од Александар Кацарски за отстранување на констатираните повреди од Подрачното одделение за првостепена управна постапка Неготино на Управата за имотно-правни работи во Министерството за финансии и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Од страна на Управата за имотно-правни работи, како и од страна на Подрачното одделение за првостепена управна постапка-Неготино во повеќе наврати доставувани се одговори до Народниот правобранител на Република Северна Македонија, како во однос на Укажувањето НП бр.25-14/1 од 22.2.2021 година, така и во однос на дополнително доставените ургенции. Исто така, доставено е и мислење во однос на Посебниот извештај за попречување на работата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија.

Независно од изнесеното, се укажува дека во член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), таксативно е наведено под кои услови управниот акт може да се огласи за ништовен. Во ставот 2 од истиот член е предвидено дека управниот акт може во секое време да се огласи за ништовен по службена должност или по предлог на странката.

Во конкретниот случај, од страна на Подрачното одделение за првостепена управна постапка-Неготино до Народниот правобранител на Република Северна Македонија доставен е одговор на укажување под бр.26-1110 од 16.3.2021 година, во кој се наведува дека Одделението смета дека не постојат објективни причини и околности за постапување по укажувањата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија и постапување согласно член 124 од Законот за општата управна постапка и дека стои на ставот заинтересираните странки правниот интерес да го бараат во друга постапка.

Се напоменува дека Управата за имотно-правни работи е орган во состав на Министерството за финансии, без својство на правно лице, кој во рамки на Секторот за управна постапка има 34 подрачни одделенија. Со подрачното одделение за првостепена управна постапка раководи раководител на одделение.

Согласно актите за систематизација на работни места во Министерството за финансии, раководителот на одделение за првостепена управна постапка одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите, а по овластување на министерот или лице овластено од министерот ги потпишува актите што се изготвуваат во одделението. Во конкретниот случај, раководителот на одделение за првостепена управна постапка-Неготино, кој одговара за работата во одделението, стои на ставот дека не постојат услови за огласување на ништовно на предметното решение за приватизација по службена должност.

Од друга страна, како странки во постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост покрај барателите, се јавува и Државно правобранителство на Република Северна Македонија, како заштитник на имотните права и интереси на Република Северна Македонија. Во конкретниот предмет, против Решението за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост УП.ГЗ.бр.26-1110 од 30.10.2017 година не е вложена жалба ниту од страна на странките, ниту од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, поради што истото станало правосилно. Без оглед на наведеното, предлогот за огласување за ништовен на управниот акт може во секое време да биде поднесен и од страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Поради наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека остварувањето на своите права, подносителите на претставката треба да ги бараат во судска постапка или преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија со поднесување на вонредни правни средства.

Независно од изнесеното, Управата за имотно-правни работи согласно своите надлежности повторно ќе изврши увид во постапувањето во конкретниот предмет и доколку бидат констатирани било какви пропусти во постапувањето, ќе бидат преземени соодветни мерки согласно одредбите од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 112/20, 215/21 и 99/22).

## <u>Точка 76</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Здружението на граѓани „Унија на потрошувачите на Македонија“ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.117/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 3 во делот: „или за гласање во советот“ од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 8 став 1 алинеи 3  и 4 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото и поделбата на државната власт со законодавната, извршната и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со уставот и закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според член 64 од Уставот, пратениците уживаат имунитет. Пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието. Пратеникот не може да биде притворен без одобрување на

Собранието, освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114 став (1) од Уставот, на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Согласно членот 115, став (1), од Уставот, АМАНДМАН XVII, во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници, учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон. Во ставот (2) на овој член е утврдено дека општината е самостојна во вршењето на надлежностите утврдени со Уставот и со закон, а надзорот над законитоста на нејзината работа го врши Републиката.

Законот за локалната самоуправа, како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината (советот и градоначалникот), избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со законот со кој се регулираат локалните избори.
Согласно членот 31 од овој закон, органи на општината се: советот и градоначалникот. Советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките на надлежностите на општината, согласно членот 32 од Законот.

Во членот 43 од истиот закон, се утврдени правата и должностите на членовите на советот, и тоа: „Членовите на советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на советот и на неговите постојани или повремени комисии. Членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот. Членот на советот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во советот. Работодавецот е должен да го ослободи од професионалната работа членот на советот заради присуство на седниците на советот или на комисиите во кои е член. Членовите на советот имаат и други права и должности утврдени со статутот и други прописи, во согласност со овој закон.“

Според членот 46 став (1) алинеја 3 од Законот, на членот на советот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, меѓудругото и ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци. Советот, на првата наредна седница, ќе ја констатира причината и денот на престанување на мандатот на членот на советот, и тоа: во случаите од ставот (1) алинеи 2, 3, 4, 5 и 6, со денот па исполнувањето на условот.

Согласно членот 62 од Законот за локалната самоуправа, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон. Прописите се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон. Прописите за чие извршување се потребни финансиски средства мораат да содржат и одредби со кои се утврдуваат изворите и висината на средствата за нивно извршување. Прописите се објавуваат во службениот гласник на општината најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. Прописите од ставот (1) на овој член влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, доколку со статутот

поинаку не е определено. Општината води збирка на објавените прописи, која е достапна на општ увид.

Кривичниот законик во членот 28-а утврдува дека единиците на локалната самоуправа се одговорни само за делата извршени надвор од нивните јавни овластувања.

Имајќи ги предвид наведените одредби, јасно произлегува дека советот, како орган на општината има улога на законодавен орган којшто во својата работа донесува прописи и има улога аналогно како Собранието на Република Северна Македонија, кое донесува закони и други прописи во својата работа.

Имајќи предвид дека Собранието е претставнички орган, одредбата од членот 64 од Уставот во однос на неможноста пратеник да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието, по аналогија наоѓа своја основа и е применета за членовите на советите на единиците на локалната самоуправа, кои согласно членот 43 став (3) од Законот за локалната самоуправа, не можат да бидат повикани на кривична одговорност или да бидат притворени за искажано мислење или за гласање во советот.

Ваквата законска одредба им овозможува како на пратениците, така и на членовите на советите да можат слободно и непристрасно да учествуваат во работата на Собранието и на советот на општината, без закана за нивна кривична одговорност.

Исто така, оваа одредба не значи дека членовите на советот „се ставаат пред Уставот и законите се ставаат над другите граѓани (правејќи ги нив нееднакви пред Уставот и Законите со членовите на Советот)", како што тврди подносителот на иницијативата во предметната иницијатива.

Членовите на советите не се исклучени од кривична одговорност и доколку се осудени со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци, на нив им престанува мандатот пред истекот на времето за кое се избрани.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорениот дел од членот 43 став (3) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9 став 2, член 51 и член 115 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 43 став (3) во делот: „или за гласање во советот" од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02).

## <u>Точка 77</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од проф. д-р Јове Кекеновски за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.55/2022 и притоа го утврди следново мислење:

Наводите изнесени во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22) доставена до Уставниот суд под бр. У.бр.55/2022, поднесена од проф. д-р Јове Кекеновски од

Скопје, со која се бара по спроведената постапка оспорениот член да се поништи, се неосновани.

Имено, согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 9 став 2 од Уставот, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 32 став (2) секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место, и став (3) секој вработен има право на соодветна заработувачка. Ставот (5) од истиот член од Уставот на Република Северна Македонија, уредува дека остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со член 52 став (4) од Уставот е предвидено дека законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 15/21 и 99/22) е системски закон кој ги уредува статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници.

Согласно Законот, административни службеници се вработени кои вршат административни работи, односно: стручно-административни, нормативно-правни, извршни, статистички, административно-надзорни, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

Членот 85 став 1 од Законот за административни службеници предвидува дека „административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено“.

Членот 111 став 3 од Законот за административни службеници предвидува дека Бодовите на плата во делот на образованието за државниот службеник со ниво на квалификациите VI Б, односно стекнати 180 кредити според ЕКТС, кој засновал работен однос во институцијата заклучно со денот на започнувањето со примената на овој закон, ќе продолжат да се вреднуваат согласно со Законот за државните службеници , односно со 200 бода. Оваа преодна одредба реферира на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13, 106/13 и 132/14), кој исто така, претставуваше системски закон со кој се создадоа услови за развој на професионална, политички неутрална, компетентна, одговорна и стабилна државна служба, како ефикасен сервис на граѓаните. Самиот закон го утврди корпусот на државната служба и го дефинира поимот државен службеник, врз основа на два критериуми:

организациски и функционален. Според првиот, тоа се вработените во органите на државата, а според вториот тоа се вработените кои ги спроведуваат функциите на државата. Законот и неговите подзаконски акти, ги уредуваа основите на принципите и стандардите за општите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во органите на државната управа, како и описот на звањата и нивната соодветност во однос на дотогашните. Исто така, со истиот беа утврдени начинот, постапката и критериумите на спроведувањето на постапката за вработување и посебно на спроведувањето на стручниот и приправничкиот испит, како значаен сегмент од постапката за вработување на државни службеници, како и постапките за нивно оценување и собирање и обработка на податоци за државните службеници, преку востановувањето на Регистарот на државните службеници. Главата IV. од Законот за државните службеници: СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, на системски начин ја уредуваше платата и надоместоците од плата на државните службеници. Во ставот (2) од членот 35 беше утврдено цитираме: „Образованието утврдено во членот 6 став (2) на овој закон се вреднува, и тоа за:

-стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 200 бода,

-вишо образование 150 бода и

-средно образование 100 бода.“

Исто така, членот 111 став 3 е во корелација со член 29 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14) кој гласи: „Административните службеници кои до денот на отпочнување со примена на овој закон, се распоредени на работни места за кои него исполнуваат посебниот услов за стручни квалификации за нивото на работно место на кое се распоредени во однос степенот и видот на образованието, се должни да го исполнат условот во рок од седум години од денот на отпочнување со примена на овој закон. Став (2) Административните службеници кои нема да го исполнат посебниот услов во рокот утврден во став (1) на овој член, најдоцна до 1 март 2022 година ќе бидат распоредени на работни места за кои го исполнуваат условот“. Оваа одредба е преодна новела со која се остава простор и рок за исполнување на посебниот услов за стручни квалификации.

Со измените на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) се воведе нов систем на пресметка на плата на административните службеници чија основна цел е постигнување на еднаквост на вработените во приватниот и јавниот сектор со најниски примања преку воспоставување на ист износ на законска минимална плата, како и обезбедување на континуитет на промените на платите во администрацијата во однос на минималната плата на национално ниво, како долгорочна цел. Со оспорениот член 3, кој е преодна одредба, се спроведува континуитетот на веќе стекнатото право од 200 бодови (според Законот за државните службеници, кој е вон сила) за степен на образование на државните службеници кои до денот (13.2.2015) на започнување со примена на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14), засновале работен однос во институција во јавниот сектор, а истите имале стекнато 180 кредити според ЕКТС.

Со воспоставеното законско решение во никој случај не се воспоставува нерамноправност во однос на тоа дека административни службеници за иста работа на исто работно место да имаат различна основна плата, односно основна компонента на плата, туку напротив со самиот Закон за административни службеници и следователните измени се признаваат стекнатите права и се овозможува соодветно

бодување на степенот на образование и вреднување согласно истото, односно стекнато право согласно закон не може да се губи со подоцнежна измена или дополнување на законот.

Од содржината на претходно цитираните одредби произлегува дека оспорениот член од Законот за административни службеници е прецизен, јасен, недвосмислен и со истиот не се повредува начелото на владеење на правото и истиот е во функција на доследно спроведување на Уставот и законот. Со предложените измени продолжуваат да се вреднуваат стекнатите права согласно Законот за државните службеници и во никој случај не се воспоставува нерамноправност во однос на тоа дека административни службеници за иста работа на исто работно место да имаат различна основна плата, односно основна компонента на плата.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од Законот за административни службеници е во согласност со член 51 и 52 став (4) од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 од Законот за изменување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“бр.99/22).

## Точка 78

Владата ја разгледа Иницијативата од Владимир Петрушевски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.56/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 5, 18 и 19 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22) и притоа го утврди следново мислење:

I. Подносителот на Иницијативата иницира оценување на уставноста на одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22), и тоа :

- Делот „- да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија“ од членот 5 од наведениот Закон;
- Деловите „членување“ и „не смее да биде член на политичка партија“ од членот 18 и
- Делот „членува на политичка партија“ од членот 19 став 2.

Подносителот на Иницијативата смета дека со донесување на горенаведените членови со Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22), поголема група на граѓани во Република Северна Македонија во иднина би се довела во нееднаква, подредена, директна и индиректна дискриминаторска и уставно нерамноправна улога. Подносителот наведува дека лицата кои се кандидати за засновање работен однос во Министерството за внатрешни работи нема да можат да засноваат работен однос доколку се членови на политичка партија. Исто така, наведува дека за сите вработени во Министерството за внатрешни работи, членувањето во политичка партија ќе се смета за потежок случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

Имајќи го предвид наведеното, подносителот смета дека со измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи повредени се повеќе одредби од Уставот на Република Северна Македонија и тоа:

- членот 8 став 1 алинеи 3 и 5 кој се однесува на владеење на правото како и политички плурализам;

- членот 9 со кој се гарантира еднаквост во слободите и правата на граѓаните на Република Северна Македонија, помеѓу другото, независно од политичкото уверување, односно на граѓаните им се гарантира еднаквост пред Уставот и законите;

- членот 11 со кој се гарантира моралниот интегритет и се забранува секој облик на нечовечко или понижувачко однесување и казнување;

- членот 20 со кој на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички права и уверувања и загарантирана им е слобода во основање на политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат;

- членот 32 со кој е загарантирано правото на слободен избор на вработување, при што секому, под еднакви услови, треба да му е достапно секое работно место;

- членот 51 според кој законите мора да бидат во согласност со Уставот.

Воедно, подносителот смета дека со горенаведените одредби се врши повреда на одредбите од Законот за спречување и заштита на дискриминација, односно на одредбата која се однесува за забрана за дискриминација врз основа на политичка припадност.

Понатаму, се наведува дека се повредени одредби од Законот за работните односи и тоа:

- членот 6 ставови (1), (2) и (3) со кои е определено дека работодавачот не смее на барателот за вработување или работникот да го става во нееднаква положба заради политичкото убедување; на сите мора да им бидат обезбедени еднакви можности и еднаков третман во врска со: пристап до вработување, вклучувајќи унапредување и стручна и професионална обука во работата; условите за работа; еднаква исплата за еднаква работа; професионални шеми за социјалното осигурување; отсуство од работа; работно време и откажување на договорот за вработување, како и дека принципот на еднаков третман подразбира забрана за директна и/или индиректна дискриминација и

- членот 7 ставови (1), (2), (3) и (4) во кои е утврдено дека забраната за директна или индиректна дискриминација во случаите од членот 6 на овој закон се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и на работникот; директна дискриминација, во смисла на ставот (1) од овој член, е секое постапување условувано со некои од основите од членот 6 на овој закон со кое лицето било ставено, се става, или би можело да биде ставено во понеповолна положба од други лица во споредбени случаи; индиректна дискриминација, во смисла на овој закон, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса, го става или би го ставила во понеповолна положба во однос на другите лица, кандидатот за вработување или работникот поради определено својство, статус, определување или уверување од членот 6 на овој закон, како и дискриминацијата, во смисла на членот 6 од овој закон кај работодавачот, е забранета во однос на: условите за вработување; напредувањето во работата и откажувањето на договорот за работа.

Подносителот на Иницијативата наведува дека се сторени повреди и на одредби од Законот за политичките партии („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/04, 5/07, 2/07, 5/08 и 23/13), односно повреда на:

- членот 5-со кој се забранува секаква дискриминација врз основа на членување или нечленување во политичка партија;

- членот 11 став (2)-каде е утврдено дека член на политичка партија може да биде секој полнолетен и деловно способен граѓанин на Република Северна Македонија, кој ќе даде потпис за доброволно членство во политичка партија и

- членот 12 ставови (1) и (2)-во кои е утврдено дека членувањето во политичка партија е доброволно, како и дека секој член може слободно да истапи од политичка партија.

II. Наводите на подносителот на Иницијативата кои се однесуваат на повреда на одредбите од Уставот и законите се неосновани од следните причини:

Имено, со членот 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи извршена е измена на членот 66 од Законот за внатрешни работи во кој е утврдено дека работен однос во министерството на работно место со посебни должности и овластувања може да заснова лице кое ги исполнува следниве општи услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетно,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е здравствено и психофизички способно,
- да има завршено најмалку четиригодишно средно образование,
- со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето,
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија и
- да има положено тест за интегритет.

Со членот 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи се изврши ревидирање на постојниот член 168 од Законот за внатрешни работи и со истиот е утврдено дека работник во министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија, како и дека работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на министерството, партиски да се организира или дејствува во министерството.

Со членот 19 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, постапувањето спротивно на одредбата од членот 168 е предвидено како потежок случај на кршење на работниот ред и дисциплина.

При изготвување на горенаведените законски одредби се имаа предвид уставните и законски загарантирани права на граѓанинот, на кои се повикува подносителот во иницијативата. Имено, со членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира правото на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Поаѓајќи од наведеното уставно гарантирано право и нормираните решенија во Законот за внатрешни работи со кои се регулира заснивањето на работен однос во Министерството за внатрешни работи, неспорна е интенцијата на законодавецот да овозможи остварување на правото на работа и слободен избор на вработување за сите граѓани. Во овие рамки, поаѓајќи од основните надлежности на Министерството за внатрешни работи кои се однесуваат на спречувањето и откривањето на кривичните дела, произлегува и потребата со закон да бидат уредени прашањата за постоење на персонален и морален кредибилитет и интегритет на кадарот во овој државен орган, кој може компетентно и ефикасно да работи на спроведување на надлежностите на министерството, исклучувајќи ја можноста вработените да имаат елементи кои ги прават недостојни за вршење на специфичните надлежности на Министерството за внатрешни работи, односно елиминирање на степенот на загрозување на специфичното професионално делување на овој орган, во насока на овозможување простор за спроведување на професионализација, департизација и деполитизација на

вработените, насочено кон заштита на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Оттука, не може да се постави прашањето за несогласност на оспорената одредба со Уставот на Република Северна Македонија, од аспект на причините изнесени во Иницијативата.

Имајќи ги предвид прописите од областа на внатрешните работи, во чии рамки се содржани одредби за правата и должностите на работниците на Министерството за внатрешни работи, особено во однос на обврската за совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено вршење на работите, во согласност со Уставот, законите и другите прописи, како и должноста за почитување на одредбите за непристрасно работење, без влијание и раководење од лични финансиски интереси, политичко влијание, односно без злоупотреба на овластувањата и статусот што ги има, штитејќи го угледот на Министерството, неспорна е интенцијата на законодавецот да обезбеди што повисок степен на стручност, ефикасност, непристрасност и совесност во вршењето на полициската функција. Истовремено, со вака концепираните законски одредби се потврдува заложбата на законодавецот за почитување на темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, со воспоставување на стручна и професионална полиција, независна од било какви надворешни влијанија, чии припадници ќе имаат права и должности утврдени со закон и прописи што произлегуваат од закон. Специфичноста на работите и задачите кои се извршуваат во Министерството за внатрешни работи е детерминирана со законски прописи од областа на внатрешните работи кои ги определуваат основните надлежности на Министерството за внатрешни работи што се состојат во: остварување на системот на јавна безбедност; спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија; заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост; спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела. Имајќи го предвид наведеното, членувањето во политичка партија може да влијае врз непристрасното и законито извршување на работите и задачите од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи.

Освен наведеното, во Министерството за внатрешни работи донесени се повеќе прописи чија цел е да се овозможи повисок степен на професионализација и ефикасност во работата на полициските службеници и сите работници во Министерството за внатрешни работи воопшто. Имено, во функција на обезбедување формално-правна гаранција за професионалност во извршувањето на задачите од страна на работниците во Министерството (овластените службени лица и полициските службеници), меѓу другите, се и одредбите содржани во Правилата за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи (бр.151-24515/1 од 13.5.2003 година, бр, 13.1.1-46269/1 од 28.7.2016 година, бр. 13.1.1-62891/1 од 5.10.2016 година и бр. 13.1-8104/1 од 29.1.2021 година) и Упатството за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/07 и бр. 133/16). Конкретно, членот 2 од Правилата предвидува дека во извршувањето на работите и работните задачи, овластените службени лица во министерството, се должни да постапуваат во согласност со правата, должностите и овластувањата утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, законите и другите прописи донесени врз основа на закон, во службените односи со граѓаните да бидат пристојни, одмерени, објективни, коректни и да ги почитуваат личноста, достоинството, правата и слободите на граѓаните, без разлика на нивната национална, верска, политичка или полова припадност. Во истиот член, предвидено е истите да го чуваат својот углед, како и угледот на Министерството за внатрешни работи, постојано да го усовршуваат своето општо и стручно образование и да ја подобруваат својата стручност и психо-физичка

подготвеност, да ги почитуваат прописите за безбедност на класифицирани информации, внимателно да го чуваат оружјето, опремата и другите материјални средства со кои се задолжени, да ги развиваат и зацврстуваат меѓусебните професионални и колегијални односи, меѓусебно да соработуваат и да се придружуваат кон Кодексот на полициска етика. Во Упатството кое се однесува на работниците со статус на полициски службеници, истото прашање е уредено во членот 2, со дополнителен акцент на обврските на раководните полициски службеници за вложување максимални напори за извршување на поставените задачи, целосно почитување на начелото на законитост во работењето на полициските службеници со кои раководат, постојано унапредување на стручната оспособеност и психофизичката подготвеност на полициските службеници, грижа за дисциплината и одговорноста во работењето и однесувањето на полициските службеници и контрола во извршувањето на полициските работи. Начинот на однесување на полициските службеници од аспект на степенот на професионалност во постапувањето, го третираат повеќе одредби од предметното упатство.

Дополнително, една од основните заложби на Министерството за внатрешни работи претставува континуирано унапредување на темелните вредности и цели на Министерството, за што се донесени конкретни стратешки документи, меѓу кои и Планот за интегритет, насочени особено кон:
- законито, професионално, непристрасно, транспарентно, доверливо и политички неутрално работење;
- грижа за угледот на Министерството за внатрешни работи;
- континуиран развој и јакнење на јавната внатрешна финансиска контрола;
- континуирана надградба на стручноста, компетенциите, знаењето и вештините на работниците.

Во контекст на овозможување политичка неутралност на полицијата, од особено значење се и Препораките содржани во Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија-Петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот“, вклучувајќи и дел од обврските за Министерството за внатрешни работи содржани во акциониот план по Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2020-2024), на Државната комисија за спречување на корупцијата, кои беа основа за ревидирање на наведените одредби од Законот за внатрешни работи, а во функција на обезбедување на дополнителна формално-правна гаранција за професионалност во извршувањето на задачите од страна на работниците во Министерството (овластените службени лица и полициските службеници).

Оттука, конкретните одредби се во насока на обезбедување индивидуалните должности на припадниците на Министерството за внатрешни работи да бидат соодветни со постоечките правила за интегритет и непристрасност со цел истите да ги извршуваат своите функции на политички неутрален начин.

Спецификата на статусот и посебните должности и овластувања на работниците во министерството, кој го карактеризираат посебни услови пропишани во актот за систематизација на работните места уште во постапката за засновање на работен однос во Министерството за внатрешни работи, претставува сегмент што е присутен во сите аспекти на остварувањето на правата од работен однос. Наведеното има свои аргументи во целта и функцијата на полициското работење, односно обврските на полициските службеници за исполнување комплексни работни задачи кои вклучуваат остварување на системот на јавна безбедност, спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот, заштита на животот, личната сигурност и имотот на

граѓаните, спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, граѓански работи и други работи утврдени со закон. Во овој контекст, одредбите од Законот за внатрешни работи кои се предмет на оспорување, немаат за цел оневозможување на правото на еднаквост на граѓаните во слободата и правата, од аспект на политичкото уверување, кое секако не е спорно и не се доведува во прашање, ниту претставува или поттикнува дискриминација од аспект на Законот за спречување и заштита на дискриминација. Напротив, ова право, заедно со гаранциите на моралниот кредибилитет и интегритет овозможува политичка неутралност како своевиден предуслов (заедно со сет на други услови), чие исполнување се очекува да овозможи доследна примена на законските одредби во делот на заштитата на човековите права и уверувања утврдени во Законот за полиција и Законот за внатрешни работи.

Во оваа смисла, деполитизацијата на полицијата треба да биде прифатена и применета исклучиво во насока на зајакнување на законски утврдените должности на овластените службени лица, односно полициските службеници на Министерството за внатрешни работи, како и нивното извршување на своите функции на политички неутрален начин.

Од аспект на компаративното искуство во националното законодавство, а имајќи ја предвид сродноста на областите кои се предмет на надлежност, како и спецификите на службата, Агенцијата за национална безбедност предметното прашање го уредува во Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19). Имено, во членот 3 од предметниот закон е утврдено дека Агенцијата своите работи ги врши во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, како и дека Агенцијата во вршењето на работите од законски утврдената надлежност постапува независно и без влијание од политичките партии. Имајќи го предвид наведеното во законот, во условите за именување директор и заменик-директор на Агенцијата, како и во условите за засновање работен однос во Агенцијата за национална безбедност е предвидено лицето да не е член на политичка партија или член на органи на политичка партија. Воедно, со членот 144 од истиот закон се забранува членување во политичка партија, органи и тела на политичка партија, политичко дејствување и истакнување партиски симболи.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членови 5, 18 и 19 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22), односно предметната Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатско друштво „Јоанидис" од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.58/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членовите 5, 7, 8 и 165 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр.120/18) и притоа го утврди следното
мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да ги укине членовите 5, 7, 8 и 165 од Законот за спречување

перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/18), односно одредбите што се однесуваат на адвокатурата, односно адвокатите и адвокатските друштва предвидени со оспорениот Закон.

Со членот 1 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 317/20) (во понатамошниот текст Законот) се пропишува дека со овој закон се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: перење пари и финансирање на тероризам), како и работењето и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: Управата).

Оттука, основната цел на Законот и основниот постулат на кој почива е превенцијата, односно откривањето на еден од најтешките облици на криминал, перењето пари и други приноси на казниво дело инкриминирано согласно член 273 како и кривичното дело финансирање на тероризам инкриминирано согласно членот 394-в од Кривичниот законик. На тој начин Законот има за цел преку сложен и сеопфатен систем, како и јасно дефинирани права и обврски на институциите од јавниот и правните субјекти од приватниот сектор, како и субјектите кои вршат јавни овластувања согласно закон, да воспостави спрега со што би се овозможило ефективно и ефикасно откривање и гонење на кривични дела со кои се загрозуваат јавните финансии, платниот промет и стопанството во целост, а дополнително превенирање и спречување на финансирање на тероризмот како глобална и најсериозна закана за светскиот мир и безбедност, односно кривични дела против јавниот ред.

Законот е во согласност и во духот на основните постулати на кои почиваат меѓународните конвенции на ОН, како и конвенциите на Советот на Европа, потпишани и ратификувани со закон од страна на Република Северна Македонија, и тоа: Конвенцијата на ОН за борба против недозволената трговија со дроги и психотропни супстанции од 1988 година (Виенската Конвенција), Меѓународната конвенција на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Палермо Конвенција), Конвенцијата на Советот на Европа од 1990 за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотната корист прибавена со кривично дело (Стразбуршката Конвенција) и Конвенцијата на Советот на Европа од 2005 за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело и за финансирање на тероризам (Варшавската Конвенција).

Согласно член 7 од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, протоколот за превенција, спречување и казнување за трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува конвенцијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува конвенцијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/04) се пропишуваат мерки за борба против перење пари.

1. За Држава-страна и тоа:
а. Востановува сеопфатен внатрешен режим за контрола и надзор на банките и финансиските небанкарски институции, како и, каде што е соодветно, други тела посебно изложени на перење на пари, во рамки на нивната надлежност, заради превенција и откривање на сите форми на перење на пари, кој режим става акцент на барањата во материјата за идентификување на странките, регистрирање на трансакциите и известување за сомнителни трансакции;

6. се пропишува дека секоја држава-страна обезбедува, без да се наштети на членовите 18 и 27 на оваа Конвенција, дека административните, контролните, органите за откривање и казнување и други органи вклучени во борбата против перењето на пари (вклучувајќи ги, кога тоа е предвидено во нејзиното внатрешно право, и судските органи) да имаат можност да соработуваат и разменуваат информации на национално и меѓународно ниво, под услови дефинирани во нејзиното внатрешно право и, за таа цел, предвидува формирање на единица за финансиско разузнавање која ќе служи како национален центар за прибирање, анализа и дистрибуција на информации за евентуални дејствија на перење на пари.

Согласно ставот (2) од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија" бр.70/04) се пропишува дека државите-страни предвидуваат спроведување на изводливи мерки за откривање и следење на прекуграничниот промет на готови пари и соодветни платежни документи, во согласност со гаранциите кои овозможуваат коректна употреба на информациите и без да се попречи на ниеден начин законското движење на капитал. Посебно можат да бидат задолжени поединците и претпријатијата да го пријавуваат прекуграничниот трансфер на значителни количества на готови пари и соодветни платежни документи.

Согласно ставот (3) од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија" бр.70/04) се пропишува дека кога е воспоставен внатрешен контролен и надзорен режим и без да се наштети на некој друг член на оваа конвенција, државите-страни се повикуваат да ги земат како основни правила соодветните иницијативи преземени од регионалните, меѓурегионалните и мултилатералните организации за борба против перењето на пари. Согласно ставот 4 од Законот за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал („Службен весник на Република Македонија" бр.70/04) се задолжуваат државите-страни да настојуваат да ја развиваат и унапредуваат глобална, регионална, подрегионална и билатерална соработка помеѓу судските органи, службите за откривање и казнување и контролните финансиски органи за борба против перењето на пари.

Согласно член 1 од Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за перење, откривање, заплена и конфискација на приноси од казниво дело и финансирање тероризам („Службен весник на Република Македонија" бр.49/09) се дефинира поимот „Единица за финансиско разузнавање" (во понатамошниот текст „ЕФР") и претставува централна, национална агенција надлежна за примање (и доколку е дозволено, барање), анализа и доставување на откриени финансиски информации до надлежните органи. Дополнително, согласно член 12 се пропишува дека:

1. Секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни за формирање на ЕФР како што е утврдено во оваа Конвенција.
2. Секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни да обезбедат нивната ЕФР да има пристап, директно или индиректно на времена основа до финансиски, административни и полициски информации кои и се потребни за соодветно извршување на нејзините функции, вклучувајќи и анализа на извештаите за сомнителни трансакции.

Исто така, член 13 од Законот за ратификација пропишува мерки и дејствија за перење пари и тоа дека:

1. Секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни да воспостави сеопфатен домашен регулативен и надзорен режим или режим за пратење за спречување перење пари и ќе води целосна сметка за важечките меѓународни стандарди, особено вклучувајќи ги препораките усвоени од страна на Работната група за финансиска активност за перење пари (ФАТФ).

2. Во тој поглед секоја страна ќе усвои, особено законодавни и други мерки неопходни да:
а. побара од правните и физичките лица кои се бават со активности за кои постои особена веројатност дека ќе се користат за цели на перење пари, и доколку таквите активности се однесуваат на:
I. да го идентификуваат и верификуваат идентитетот на нивните клиенти и, каде што е соодветно, нивните крајни делотворни корисници, и да спроведуваат постојано следење на деловниот однос, а водејќи сметка за приод кој се заснова врз ризик;
II. да известат за сомневања во врска со перење пари кои подлежат на заштита;
III. да преземат мерки за поддршка, како што се чување на документација за идентификација на клиентот и трансакции, обука на персонал и утврдување на внатрешни политики и постапки, и каде што одговара, прилагодени на нивната големина и природа на работењето.
б. да им забранат, каде што е соодветно, на лицата од алинеа а. да го откријат фактот дека извештајот за сомнителна трансакција или соодветни информации се пренесени или дека се спроведува или може да се спроведува истрага за перење пари;
в. да обезбедат лицата од алинеа а. подлежат на ефективни системи за следење, и каде што се применува надзор, со цел да обезбеди нивно придржување кон барањата за борба против перење пари, каде што е соодветно врз основа на чувствителност од ризик.
3. Во врска со тоа, секоја страна ќе усвои законодавни и други мерки неопходни да открие значителен физички пренос преку граница на готовински средства и соодветни инструменти на име на доносител.

Според тоа, а врз основа на членот 13 ставот (1) од Законот за ратификација, Република Северна Македонија се обврзала на имплементирање на меѓународните стандарди на Работната група за финансиска акција-ФАТФ. Оттука, стандардите и мерките кои ги поставуваат меѓународните тела кои се занимаваат со проблематиката на борба против перење пари и финансирање на тероризам (ФАТФ) постојано се развиваат и дополнуваат, имајќи ја предвид комплексноста на материјата којашто претставува променлива категорија. Услугите кои одредени правни и физички лица ги нудат, а кои често се злоупотребувани од страна на криминалците, доведе до поставување на стандарди во однос на примена на одредени мерки и дејствија од страна на тие лица, со цел да се спречат, колку што е можно повеќе, нелегалните активности на перење пари и финансирање на тероризам. Од оваа причина, сите правни и физички лица кои треба да применуваат вакви мерки, се вбројуваат во категоријата на обврзани субјекти. Опфатот на субјектите коишто имаат обврска да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам се правните субјекти кои како професионална и деловна активност за надомест даваат одредена помош или услуга за клиентите. Истите како такви се изложени на ризик од перење пари и финансирање на тероризам, но воедно претставуваат прв чувар на јавните финансии, платниот промет и стопанството како објект на заштита во смисла на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело, имајќи предвид дека тие се првата линија до кои клиентите задолжително мора да пристапат при реализирањето на своите цели и интереси.

Дополнително, интенцијата на законодавецот е преку преземањето на мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам, да се оневозможи било кое

лице да ги искористи самите субјекти преку услугите коишто ги даваат за целите на перењето пари и финансирањето на тероризмот, така што ваквите обврски припишани од страна на законодавецот претставуваат мерки првенствено за нивна заштита, а преку личната заштита до исполнувањето на објектот на заштита на перењето пари и приноси од казниво дело и финансирањето на тероризмот.

Согласно препораките на ФАТФ се дефинираат т.н „назначени нефинансиски бизниси и професии" кои се назначени како ентитети кои задолжително имаат обврска да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам кои вклучуваат:
а) Казина.
б) Агенти за недвижнини.
в) Дилери на благородни метали.
г) Дилери во скапоцени камења.
д) Адвокати, нотари, други независни правни професионалци и сметководители
ѓ) Даватели на услуги на трустови и правни лица и се однесуваат на сите лица или деловни активности кои не се опфатени на друго место според овие препораки, и кои како деловна активност обезбедуваат која било од следниве услуги на трети страни:
- постапувајќи како агент за формирање на правни лица;
- постапување како (или договарање на друго лице да дејствува како) директор или секретар на компанија, партнер на партнерство или слична позиција во однос на други правни лица;
- обезбедување на регистрирана канцеларија; деловна адреса или сместување, преписка или административна адреса за компанија, партнерство или кое било друго правно лице или аранжман;
- постапување како (или договарање на друго лице да дејствува како) доверител на изрична доверба или извршување на еквивалентна функција за друга форма на правно уредување;
- постапување како (или договарање на друго лице да дејствува како) номиниран акционер за друго лице.

Заложбите како и напорите на ФАТФ како меѓународно тело за воспоставување на стандарди за борба против перењето пари и финансирањето на тероризам се потврдени и со Резолуцијата 2462 (2019) година усвоена од Советот за безбедност на Обединетите нации на 8496-тата седница на 28 март 2019 година. Препознавајќи ги глобалните и безбедносни ризици и како и последиците од перењето пари и финансирањето на тероризам резолуцијата ги повикува сите земји да ги спроведат препораките на ФАТФ, вклучително и стандардите за проценка на специфичните ризици за финансирање тероризам со кои се соочуваат. Покрај тоа, резолуцијата бара земјите да го криминализираат финансирањето на тероризам во согласност со Препораката 5 на ФАТФ, признавајќи дека земјите мораат да го криминализираат финансирањето на тероризмот, но исто така и финансирање на поддршка на терористички организации и индивидуални терористи за каква било цел, дури и во отсуство врска до специфичен терористички акт.

Усогласеноста на националното законодавство со препопраките на ФАТФ е предмет на мониторинг и евалуација од страна на самата ФАТФ-организација и неговите тела како Комитетот на експерти за евалуација на мерките против перење пари и финансирање на тероризам -MONEYVAL.

Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање редовно ги следат стандардите во однос на определувањето на категоријата на субјекти, како и нивните обврски и истите ги имплементира при подготовката на законските и подзаконските

прописи. Оттука, обемот на субјекти опфатени со Законот е во согласност со меѓународните стандарди на ФАТФ.

Согласно член 5 од Законот се пропишуваат субјекти кои имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со овој закон (во натамошниот текст: субјекти). Согласно член 5 став (1) точката (3) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам како субјекти се определуваат нотари, адвокати и адвокатски друштва кои вршат јавно овластување согласно со закон.

Имајќи ја предвид специфичноста на правната професија односно адвокатурата, согласно член 7 од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат ситуациите во коишто адвокатите и адвокатските друштва имаат обврска да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам, односно во кои ситуации немаат такви обврски и истите не се сметаат како субјекти. Така, согласно член 7 ставот (1) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека нотарите, адвокатите и адвокатските друштва кои вршат јавни овластувања согласно со закон се должни да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во случаите кога даваат правни услуги за нивните клиенти кои се однесуваат на следниве активности:
а) купопродажба на подвижни предмети, недвижности, содружнички удели или акции;
б) тргување и управување со имот;
в) отворање и располагање со банкарски сметки, сефови и други финансиски активности;
г) основање или учество во работењето или управувањето на правни лица, трустови или правни аранжмани и
д) застапување на клиенти во трансакции.

Дополнително, согласно членот 7 ставот (2) од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам се пропишува дека обврските кои произлегуваат од овој закон не се однесуваат на адвокатите и адвокатските друштва кога вршат функција на одбрана и застапување на клиентот во судска постапка. Оттука член 7 ставот (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам е во согласност со Законот за адвокатурата и во ситуациите кога ги застапува интересите на клиентот.

Согласно членот 8 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам кои вклучуваат:
- изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и нејзино редовно ажурирање,
- воведување и примена на програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам,
- анализа на клиентите,
- известување и доставување на податоци, информации и документација до Управата согласно со одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа,
- чување, заштита и водење евиденција на податоци,
- именување на овластено лице и негов заменик и/или формирање на оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
- спроведување на внатрешна контрола и
- други мерки кои произлегуваат од одредбите на Законот.

Членот 165 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам се пропишуваат прекршочни санкции, односно прекршочни глоби како и забрани за

вршење на дејност доколку одреден субјект не применува мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

Дополнително, согласно член 273 став (1) од Кривичниот законик се пропишува дека тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело, или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Согласно член 273 став (6) од Кривичниот законик се припишува дека службено лице, одговорно лице во банка, осигурително друштво, друштво што се занимава со приредување игри на среќа, менувачница, берза или друга финансиска институција, адвокат, освен кога постапува како бранител, нотар или друго лице кое врши јавни овластувања или работи од јавен интерес, што ќе овозможи или ќе дозволи трансакција или деловен однос, спротивно на неговата законска должност или ке изврши трансакција спротивно на забраната изречена од надлежен орган или привремена мерка одредена од суд или нема да го пријави перењето пари, имот или имотна корист, за кое дознало во вршењето на својата функција или должност, ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Оттука, членот 7 од од Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам е во согласност со Кривичниот законик и каде што исклучокот е во иста насока, кога адвокатите постапуваат како бранители и кога ги штитат интересите на својата странка.

Согласно член 273 став (7) од Кривичниот законик се припишува дека службено, одговорно лице во банка или друга финансиска институција, или лице кое врши работи од јавен интерес, кое според закон е овластен субјект за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело, кое неовластено ќе открие на клиент или на неповикано лице податоци што се однесуваат на постапката на испитување на сомнителни трансакции или на примена на други мерки и дејствија за спречување на перење пари, ќе се казни со затвор од три месеца до пет години.

Согласно член 363 став (1) од Кривичниот законик се пропишува дека тој што знае дека се подготвува извршување на кривично дело за кое според законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, па во времето кога сеуште било можно да се спречи неговото извршување не го пријавил тоа, а делото било во обид или извршено, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Согласно член 364 став (1) од Кривичниот законик се припишува дека службено лице кое свесно ќе пропушти да пријави кривично дело за кое дознало во вршењето на својата должност, ако за тоа дело според законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, а делото се гони по службена должност, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.

Согласно член 364 став (2) од Кривичниот законик се припишува дека со казната од став 1 ќе се казни тој што свесно ќе пропушти да пријави кривично дело од членовите 123, 141, 142, 158, 162, 165, 165-а 186, 187, 188, 215, 216, 231, 232, 236, 237, 238, 258, 259, 268, 269, 273, членовите 305 до 326, 348, 349, членовите 353 до 362, 382, 383, 394, 394-а, 396 и членовите 403 до 422.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Согласно член 13 од Уставот се пропишува дека за прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања

Согласно член 17 од Уставот на Република Северна Македонија се пропишува дека се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдени со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката.

Според членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Врз основа на гореизнесеното, Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам преставува комплексен систем на мерки и дејствија како и начин на функционирање на надлежни органи како и органи на супервизија кои имаат надлежност за надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам. Покрај мерките и дејствијата за спречување перење пари се дефинирани надлежностите на Управата за финансиско разузнавање како разузнавачка единица која има за цел да прибира, анализира и доставува податоци и информации до надлежни органи секогаш кога постојат сомненија за сторено кривично дело перење пари и финансирање на тероризам, која преставува спој помеѓу субјектите кои применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам и органите на прогонот, но Управата за финансиско разузнавање согласно националното законодавство не преставува истражен орган ниту има надлежности како правосудна полиција дефинирани во Законот за кривичната постапка па оттаму, Податоците и информациите коишто се обезбедени од страна на Управата за финансиско разузнавање кога ја обавува активноста на прибирање, анализирање и доставување податоци и информации за перење пари и финансирање на тероризам не се користат и не можат да се користат како докази во судска постапка согласно Законот за кривичната постапка.

Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам не задира во надлежностите на адвокатурата како професија ниту ги пропишува начините на кои адвокатите ја вршат и обавуваат адвокатурата како и начинот на давањето на правната помош. Законот го пропишува сетот мерки и дејствија кои што одредени категории на субјекти (вклучително адвокатите и адвокатските друштва) и под одредени услови се должни да применуваат мерки и дејствија во работењето со своите клиенти.

Прекршочните одредби со кои се пропишува прекршочна одговорност на субјектите кои нема да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам е во согласност со членот 13 од Уставот на Република Северна Македонија.

Управата согласно Законот претставува разузнавачка единица којашто работи на полето на безбедноста. Согласно член 69 од Законот, директорот на Управата и нејзините вработени подлежат на безбедносни проверки согласно со прописите за безбедност на

класифицирани информации, а согласно членот 70 вработените во Управата работат на извршувањето на директните надлежности имаат статус на овластени службени лица. Согласно член 72 вработените во Управата имаат службена легитимација.

Дополнително, во поглед на наводите во Иницијативата коишто се однесуваат на доверливоста на адвокатот и клиентите и одредбите од Законот за кривичната постапка, согласно член 7 став (2) се пропишува дека „Обврските кои произлегуваат од овој закон не се однесуваат на адвокатите и адвокатските друштва кога вршат функција на одбрана и застапување на клиентот во судска постапка. Во овој случај адвокатите и адвокатските друштва, на барање на Управата, во рок од седум дена треба да достават писмено образложение за причините поради кои не постапиле согласно со одредбите од овој закон“. Имено ваквиот принцип е потврден во пресудата на Европскиот суд на правдата во „Ordre des barreaux francophones and germanophones & Others vs Conseil des Ministres C-305/05 , (Големиот судски совет на ЕСП) на 26 јуни 2007 која постапка е покрената во врска со првата директива на Европскиот парламент и совет за спречување на употреба на финансискиот систем на унијата за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 1991 година во кои адвокатите и адвокатските друштва се предвидени како субјекти коишто треба да применуваат мерки и дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам, особено во делот на обврска на адвокатите и адвокатските друштва за доставување на извештаи за сомнителни трансакции до Управата, Право на правично судење и положбата на обвинетите лица и нивните бранители односно Професионална тајна и независност на адвокатите. Почнувајќи од првата директива на Европската Унија и Советот како и со 5-тата Директива на Европскиот парламент и Совет, статусот на адвокатите и адвокатските друштва во поглед на примена на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам е конзистентен и непроменет. Во пресудата јасно се наведува дека „Обврските за примена на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам се однесуваат на адвокатите и адвокатските друштва само доколку тие го обавуваат активности на клиентот во подготовката или извршувањето на одредени трансакции-во суштина оние од финансиска природа или во врска со недвижен имот-или кога тие дејствуваат во име и за клиентот во какви било финансиски или реални трансакција на имот. Како по правило, природата на таквите активности е таква што тие генерално се одвиваат во контекст без врска со судските постапки и, следствено, тие активности спаѓаат надвор од опсегот на правото на правично судење.

Врз основа на се погоре изнесено членовите 5 и 7 се во целост во согласност со Уставот и законите во Република Северна Македонија.

Дополнително, за идентични односно слични наводи и образложенија, Уставниот суд веќе одлучуваше во предметот У.бр.45/21 од 1 јуни 2022 година којшто се однесуваше на примена на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам и положбата на адвокатите и адвокатските друштва односно особено обврската за пријавување на сомнителни трансакции до Управата за финансиско разузнавање на основи на членовите 17 и 53 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во врска со поднесената Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членовите 5, 7, 8 и 165 на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, дополнително се потенцира дека Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ бр.120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 317/20), престана да важи со стапување на сила на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/22).

Врз основа на гореизнесеното, со предвидените предлог решенијата во Иницијативата се нарушува принципот на владеењето на правото, темелните вредности на уставот, правната сигурност како и се нарушува степенот на хармонизацијата на националното законодавство со законодавството на Европската Унија како и со меѓународните стандарди и препораки коишто се однесуваат на целисходен систем за борба против перење пари и финансирање на тероризам претставен преку мерки и дејствија кои треба да преземаат одредени категории на субјекти, механизми и можности за органите за супервизија, вршење на ефективна и ефикасна супервизија кои како обврски произлегуваат од меѓународните конвенции потпишани и ратификувани со закон од страна на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, јасна е оправданоста за постоење на ваков тип на превентивен механизам кој има за цел да влијае позитивно врз заштитата на јавните финансии, платниот промет и стопанството особено кој има за цел да го штити домашниот платен систем и целокупното стопанство од легализирањето на приносите од казниво дело со кое од неправото никогаш не може и не смее да произлезе право, а истиот е во согласност со темелите и духот на Уставот на Република Северна Македонија во насока на гарантирањето на владеењето на правото како темелна вредност со тоа почитување на Уставот и законите, обезбедувањето на мирот како и обезбедувањето на социјалната правда економската благосостојба и напредокот на заедничкиот живот. Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам не засега во другите закони, особено не во оневозможувањето на адвокатурата како професија. Владеењето на правото како темелна вредност подразбира почитувањето на Уставот и законите, а правната помош не може да се подразбира како правна помош за вршење дејствија забранети со закон.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение со кое предметната Иницијатива ќе ја отфрли како неоснована.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92982 за КО Чаир, на КП бр.1568/80 и КП бр.1568/81 викано место/улица Стари водовод и Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568/82 и КП бр.1568/83 викано место/улица Стари водовод и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5019 за КО Сингилиќ-1, на КП бр.2819 викано место/улица Кожуфи и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 48266, за КО Бардовци, на КП бр. 654, викано место/улица „Зад чешмески рид“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 83

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анида Цецева од Велес за право на првенствено купување на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 224/1073 идеален дел од КП бр.2954, КО Оризари, евидентирано во Имотен лист бр.306, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 84

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ахмет Халими од Кичево за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2160 и Имотен лист бр.6028 за КО Кичево 6, КП бр.3371/1, викано место/улица Град и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 85

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3745 и Имотен лист бр.84697 за КО Ѓорче Петров 5-Лепенец, КП бр.3266/2, викано место/улица ул.Лука Геров и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 86

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2920 и Имотен лист бр.154 за КО Стојаково, на КП бр.7664, Викано место/улица Село и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката.

## Точка 87

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.7044 и Имотен лист бр.1926 за КО Сретеново на КП бр.1141, Викано место/улица Маршал Тито и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката.

## Точка 88

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маринчо Величковски од Битола за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 6587, за КО Битола 5, на КП бр. 1589, викано место/улица Кафтанџица и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.463, за КО Визбегово, на КП бр.849, КП бр.850 и КП бр.853, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1547 за КО Маџари на КП бр.164/2 за викано место/улица „Антон Попов“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 91**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.181 и Имотен лист бр.1181 за КО Стар Дојран, на КП бр.433, викано место/улица „Маршал Тито“, за наредната седница на Владата, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да подготви и во рок најдоцна од пет дена до Владата да достави мислење по Понудата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 92**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13113 и Имотен лист бр.6268, дел 1, КО Бутел, на КП бр.1187, викано место/улица „Кипарска“ бр. 17, за наредната седница на Владата, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да подготви и во рок најдоцна од пет дена до Владата да достави мислење по Понудата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 93**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.629 и Имотен лист бр.100240 за КО Нов Дојран, на КП бр.1184/1, викано место/улица „Манастир“, за наредната седница на Владата, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да подготви и во рок најдоцна од пет дена до Владата да достави мислење по Понудата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 94**

Владата го одложи од разгледување Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, доставен под И.бр.575/22, за налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.499, за КО Мажучиште, за наредната седница на Владата, со заклучок АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да подготви и во рок најдоцна од пет дена до Владата да достави мислење по Понудата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 95**

Владата заклучи:

**1.** Од должноста членови на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, поради истек на мандатот ги разреши:

-Љупка Цветкова
-Александар Диље
-Кирил Ристовски
-Жанета Ѓорѓиевска
-Аднан Алии
-Насер Даути

**1.1.** За членови на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост ги именува:

- Трајан Димковски
- Драганчо Стојчев
- Жанета Ѓорѓиевска
- Аднан Алии
- Кирил Ристовски
- Љупка Цветкова
- Насер Даути

**2.** Го разреши Арафат Муареми од должноста вршител на должноста директор на Управата за Финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, на негово барање.

**3.** Го именува Горан Иванов за вршител на должноста директор на Управата за Финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**4.** Ја именува Магбуле Амети за Национален координатор за здравство и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**5.** Го разреши Фехми Стафа од функцијата државен правобранител на Република Северна Македонија.

**6**. Донесе Одлука за распишување оглас за именување државен правобранител на Република Северна Македонија.

## Точка 96

**1.** Владата:

1) Ги разгледа и одобри текстот и содржината на јавниот повик и тендерската документација за спроведување на постапката за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, со заклучок е-поштата toplinskaenergija.javenpovik@gs.gov.mk да се замени со е-поштата toplinska.energija@gs.gov.mk.

2) Ги разгледа и одобри текстот и содржината на јавниот повик и тендерската документација за спроведување на постапката за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, со заклучок е-поштата toplinskaenergija.javenpovik@gs.gov.mk да се замени со е-поштата toplinska.energija@gs.gov.mk.

3) Ги разгледа и одобри текстот и содржината на јавниот повик и тендерската документација за спроведување на постапката за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, со заклучок е-поштата toplinskaenergija.javenpovik@gs.gov.mk да се замени со е-поштата toplinska.energija@gs.gov.mk.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на членовите, односно замениците на членовите кои активно учествувале во работата на Комисијата за спроведување на постапките за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија, формирана со Решение бр. 41-7223/4 од 17.8.2022 година, да им исплати еднократен надомест во висина од една просечна плата исплатена во Републиката во 2021 година.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 11 август 2022 година до 17 август 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Барањето од ЈОУ за деца Детска градинка „Наша иднина“-Прилеп за давање согласност за јавна набавка (инвентар).

**4.** Владата го разгледа Барањето за согласност за набавка на комерцијално возило за потребите на Јавна општинска установа-Детска градинка „11 Септември“ -Ресен и не го прифати истото.

**5.** Владата заклучи на следната тематска седница на која ќе се дискутира за енергетската криза да го разгледа и Известувањето од Државниот пазарен инспекторат, по однос на задолжувањето од Шеесет и третата седница на Владата на Република

Северна Македонија, одржана на 20.7.2022 година, за констатираната состојба на извршени вонредни инспекциски надзори на трговци со пелети.

**6.** Владата го разгледа Барањето на согласност за отпочнување на постапка за јавна набавка на Средно училиште на Град Скопје „Марија Кири-Склодовска“ (училишен мебел) и го прифати Барањето, согласно мислењата на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии.

**7.** Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за одвивањето на патниот сообраќај со Украина и потребата од времено одвивање на билатерален и транзитен превоз на стоки без дозволи.

**8.** Владата го разгледа Барањето од извршител Александра Заринска-Дуровска, го прифати и притоа заклучи:

„Се задолжува Министерството за финансии да формира работна група со претставници од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, со цел да ја информираат Владата на Република Северна Македонија за постапувањето по доставеното барање за извршување И.бр.407/2011, за спроведување на извршување во вредност од 16.142.377,00 денари-главен долг, со камата и трошоци на постапката, против должникот Јавна установа, Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ“-Скопје, од причина што согласно евиденцијата на Министерството за финансии сметките на Јавната установа немаат прилив на средства и започнатите извршни постапки не може да се спроведуваат.

**9.** Владата на предлог на д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во врска со опремувањето на резиденцијата (закупен стан) на амбасадорот во Вашингтон, заклучи да се направи исклучок од забраната за набавка на инвентар и одобри набавка на мебел за закупената резиденција во Вашингтон во износ од 3.500 УСД.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето од Министерството за правда за статусот на реализација на заклучоци кои се водат како непостапени, со предлог за престанување на важење на истите.

**11.** Владата го разгледа Барањето за изменување на Заклучок бр.2, од точка 40 Информација за текот и завршување на преговорите за ревидирање на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, со текст на Предлог-одлука за измена на Протоколот Б и текст на Предлог-одлука за измена на Протоколот Ц, донесен на Деведесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише Одлуката за измена на Протоколот Б и Одлуката за измена на Протоколот Ц од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина.“

**12.** Владата заклучи Заклучокот под реден број два, Точка 35 (бр.40-12812/1) од Сто дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2021 година, донесен по Извештајот за завршени преговори за склучување на Договор помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната, со усогласен текст на Договор, кој гласи:

„- Се определува министерот за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната.“ да се измени и да гласи:

„- Се определува, Славјанка Петровска, министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Република Португалија и Република Северна Македонија за соработка во областа на одбраната.“.

**13.** Владата по Барањето за произнесување на Владата на Република Северна Македонија од Државно правобранителство на Република Северна Македонија, бр. 1034/22/2 дава позитивна наследничка изјава.

**14.** По повод дописот од Министерството за правда и укажувањето на д-р Никола Тупанчески, министер за правда, а во врска со се почестата регистрација на граѓански здруженија со имиња на контроверзни историски личности на територијата на Република Северна Македонија, Владата ги задолжи Министерството за правда, во соработка со Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, да подготви и на наредната седница на Владата да достави соодветен предлог за формирање на ад хок тело, кое ќе ги анализира поднесени предмети и на Министерството за правда ќе дава мислење за понатамошно постапување во врска со регистрирањето на ваквите граѓански здруженија, се до донесување на новиот Закон за здруженија и фондации, кој е во процедура.

**<u>Точка 97</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со список на штетни организми/фитосанитарна област, размена на карантински листи со статус размена на програми за истражување на штетни организми, како материјал за информирање.

**<u>Точка 98</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за информатички систем и мониторинг на животната средина“, како материјал за информирање.

**<u>Точка 99</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Поддршка во спроведувањето на законодавството за управување со отпад и проширена одговорност на производителот“, како материјал за информирање.

**<u>Точка 100</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвен Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Управување со јавниот долг-задолжување на Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со иницијативата за развој на рамка за модерен платен систем за прекугранични инстант плаќања во земјите од Западен Балкан, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижен имот во Кочани доделен на Република Северна Македонија-корисник Министерство за финансии во стечајната постапка на Експорт-импорт банка АД Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, потребно е предлагачот да обезбеди нова процена на недвижниот имот, согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со задолжувањето на Јавното претпријатие „Национални шуми” во најкраток можен рок да донесе План за управување со Заштитен предел „Осоговски планини” и Заштитен предел „Малешево”, како и посебни планови за одгледување и заштита на шуми во заштитените подрачја, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има во предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 104**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2021 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус-производи од животинско потекло, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи Заклучокот од Седумдесет и втората седница на Владата, одржана на 12 јуни 2018 година.

**Точка 106**

Владата го разгледа Записникот од одржаната Конститутивна седница на Советодавната комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Советодавната комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати, со Записник од

одржана Прва вонредна седница на Советодавната комисија, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д. Скопје за период од 1.1.2022 до 31.3.2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата ја разгледа Одлуката за изменување и дополнување на Планот за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 110**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на финансиските средства за спроведување на пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата го разгледа Извештајот за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година (период јануари-јуни), како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година, со прилози, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука на Влада бр.41-3162/1 од 5.4.2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 116

Владата ја симна од дневен ред Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот просветен инспекторат.

## Точка 117

Владата на барање на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за повеќегодишна јавна набавка на стока-софтверски лиценци за виртуелна платформа.

## Точка 118

Владата ја разгледа Информацијата за заземање на нови ставови во постапката за водење преговори за склучување Договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати новите ставови утврдени во оваа информација.

2. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите за склучување на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, да се придржуваат кон новите ставови наведени во оваа информација.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за оперативни активности спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Северна Македонија, согласно ново утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите за склучување на Договорот.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

## Точка 119

Владата ја разгледа Информацијата за проверка на податоците за лицата кои оствариле право на помош за утврдена загуба на приходот од продажбата на земјоделските растенија и животни и на земјоделскиот имот и штетите на стакленици и пластеници од штетни настани, согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, а во согласност со член 9 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии по проверка и утврдување на податоците од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, за наредната седница на Владата да достави соодветен акт за парична помош во висина од 10% од износот на проценетата штета на општините и начин на реализација на истата (откако Министерството за финансии по пат на прераспределба ќе ги обезбеди финансиските средства) и тоа за елаборатите од 2016 година на:

1.1. На Општина Градско во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.250.000,00 денари;
1.2. На Општина Росоман во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 140.302.800,00 денари;
1.3. На Општина Демир Капија во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 9.263.572,00 денари;
1.4. На Општина Велес во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.813.200,00 денари;
1.5. На Општина Дебрца во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 5.544.454,00 денари;
1.6.На Општина Долнени во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 168.561.913,00 денари;
1.6.-1 На Општина Долнени во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.167.938,00 денари;
1.7. На Општина Македонска Каменица во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 722.377,00 денари;
1.7.-1 На Општина Македонска Каменица во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.863.694,00 денари;
1.8. На Општина Ресен во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 1.153.212.562,00 денари;
1.9. На Општина Битола во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 23.065.654,00 денари;
1.9.-1 На Општина Битола во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 1.120.470,00 денари;
1.10. На Општина Охрид во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 20.770.199,00 денари;
1.11. На Општина Демир Хисар во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 409.285,00 денари;
1.11-1 На Општина Демир Хисар во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.535.646,00 денари;
1.12. На Општина Пробиштип во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.786.000,00 денари;
1.13. На Општина Крушево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.693.446,00 денари;
1.13.-1 На Општина Крушево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 19.077.165,00 денари;
1.14. На Општина Неготино во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 34.130.206,00 денари;
1.15. На Општина Делчево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 59.296.484,00 денари;
1.16. На Општина Богданци во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 12.260.406,00 денари и
1.17. На Општина Кичево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 1.601.675,00 денари.

Парична помош во висина од 10% од износот на проценетата штета на општините и тоа за елаборатите од 2017 година на:

1.18. На Демир Хисар во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.754.968,00 денари;
1.19. На Општина Струмица во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 7.007.589,00 денари и
1.20. На Општина Долнени во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 27.668.550,00 денари.

Парична помош во висина од 10% од износот на проценетата штета на општините и тоа за елаборатите од 2018 година на:

1.21. На Општина Македонски Брод во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 2.588.098,00 денари;
1.22. На Општина Лозово во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 149.003.558,00 денари;
1.23. На Општина Долнени во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 21.253.694,00 денари;
1.24. На Општина Струмица во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 34.523.848,00 денари;
1.25. На Општина Кривогаштани во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 65.449.100,00 денари;
1.26. На Општина Арачиново во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 54.444.000,00 денари;
1.27. На Општина Гази Баба во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 82.769.000,00 денари;
1.28. На Општина Крушево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 8.213.379,27 денари;
1.29. На Општина Могила во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 31.234.410,26 денари и
1.29.-1 На Општина Могила во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 32.526.558,00 денари.

2. Се укажува на Општина Градско, Општина Росоман, Општина Демир Капија, Општина Велес, Општина Дебрца, Општина Долнени, Општина Македонска Каменица, Општина Ресен, Општина Битола, Општина Охрид, Општина Демир Хисар, Општина Пробиштип, Општина Крушево, Општина Неготино, Општина Делчево, Општина Богданци, Општина Кичево, Општина Струмица, Општина Долнени, Општина Македонски Брод, Општина Лозово, Општина Кривогаштани, Општина Арачиново, Општина Гази Баба и Општина Могила, пропорционално со определениот процент кој го одредила Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства да доставaт детален извештај за распределените средства до Владата.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022) и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022) со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 121**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за проектот „Регулација на дел од ободен канал во н.м. Арачиново, Општина Арачиново“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните

2023 и 2024 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за финансирање на активности за проектот „Регулација на дел од ободен канал во н.м. Арачиново, Општина Арачиново“, во вкупна вредност од 64.858.508,00 (66.155.678,00 со вклучен технички надзор од 2%) денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 7.000.000,00 денари во 2022 година
- 29.577.000,00 денари во 2023 година и
- 29.578.678,00 денари во 2024 година

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 122

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за обезбедување на дополнителни финансиски средства кои произлегуваат од доспеани обврски и реализирани извршни решенија во НУ ,,Национална опера и балет“-Скопје, НУ Албански театар-Скопје и НУ Национална универзитетска библиотека ,,Свети Климент Охридски“-Скопје, поради потребата Министерството за култура и Министерството за финансии да одржат координативен состанок на кој да се разгледаат можностите за изнаоѓање на соодветно решение за проблемот т.е. обезбедување на финансиски средства за доспеаните обврски и реализираните извршни решенија и истото да се разгледа на наредната седница на Владата, откако, претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 123

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на Акумулацијата Паљурци, со предлог-заклучоци и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да го стави во функција хидросистемот „Спас за Дојранското Езеро“ наредните 20 дена, за да обезбеди доток на вода во акумулацијата Паљурци до максималните можности на системот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии да обезбедат соодветни средства за ставање во функција на хидросистемот „Спас за Дојранското Езеро“ за наредните 20 дена.

## Точка 124

Владата ја разгледа Информацијата за основање на совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе Одлуката за основање на Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија и Решението за именување на претседател и членови на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 125**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за август 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 29.8.2022 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со августовските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 30.8.2022 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:
- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 30.8.2022 година (вторник);
- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 31.8.2022 година (среда);
- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 1.9.2022 година (четврток) и
- За пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 2.9.2022 година (петок).

**Точка 126**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, во периодот од 12 март 2022 до 2 јуни 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Обезбеди парична помош од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година на општините кои имаат доставено комплетна документација и тоа:
- На Општина Кичево во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.650.537,00 денари и
- На Општина Струга во висина од 10% од вкупно проценетата штета од 3.969.235,00 денари.

Согласно ова, се задолжува Министерството за финансии да подготви Одлука за одобрување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Се укажува на општините Кичево и Струга, пропорционално со процентот кој го одреди Владата, да ги распределат средствата кон физичките и правните лица кои поднеле барање за надоместок на штета и во рок од 30 дена по приемот на финансиските средства до Владата да доставаат детален извештај за распределените средства за настаната штета.

3. Се укажува на општините Битола, Неготино, Охрид, Македонски Брод, Свети Николе и Дебрца, кои во законскиот утврден рок не доставиле комплетна документација, да постапат по забелешките доставени од Комисијата за проценка и утврдување на штетата од елементарни непогоди и да ги комплетираат извештаите согласно со забелешките.

4. Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да продолжи со процедурата за проценка и утврдување на штетите по предметите од општините Битола, Неготино, Охрид, Македонски Брод, Свети Николе и Општина Дебрца по пристигната коригирана документација и за истото да ја информира Владата по комплетирање и коригирање на документацијата.

5. Се задолжува Комисијата за процена и утврдување на висината за штетата од елементарни непогоди да ја информира Општина Гевгелија, за неможноста за постапување по предметот, поради истечени законски рокови, согласно Законот за заштита и спасување.

**Точка 127**

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на претставник на Република Северна Македонија во Заедничкиот комитет на државите-наследници на поранешната СФРЈ за поделба на дипломатско-конзуларните имоти на СФРЈ, во предложениот текст.

**Точка 128**

Владата ја разгледа Информацијата за воспоставување на институционална структура за координација и следење на спроведувањето на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија и протоколите од состаноците на Заедничката меѓувладина комисија формирана согласно Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат ротирачките ко-претседавачи со заедничките работни групи за продлабочување на меѓусекторската соработка со Република Бугарија, како и Министерството за одбрана и Министерството за здравство да го известуваат Министерството за надворешни работи за спроведените активности и постигнатите резултати од страна на работните групи и во рамки на дополнителните сектори за соработка, најмалку еднаш во 45 дена, започнувајќи со споделување извештаи од 1 октомври 2022 година.

2. Се формира Меѓуресорска работна група за политичка координација на спроведувањето на мерките од Протоколот од Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија во областите: говор на омраза, рехабилитација на жртвите на репресии во комунистичкиот период, спроведување на усвоените препораки од работата на историската комисија и заштита од дискриминација. Со Меѓуресорската работна група ќе претседава министерот за надворешни работи, а во неа ќе членуваат: заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, министерот за образование и наука, министерот за култура, министерот за правда, министерот за внатрешни работи, министерот за труд и социјална политика, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и претставник од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

Согласно ова, Министерството за надворешни работи до наредната седница на Владата да достави предлог-одлука за формирање на Меѓуресорската работна група, а таа да одржи прв состанок до 1 септември 2022 година.

3. За поддршка на Меѓуресорската работна група и оперативно спроведување на мерките од Протоколот, се формираат следните тематски подгрупи, за што се

задолжува Министерството за надворешни работи да врши координација, а надлежните министерства и институции до 5 септември 2022 година да го известат Министерството за надворешни работи за номинираните членови во истите, како што следи:

Тематска подгрупа за говор на омраза:
- Министерство за правда
- Министерство за внатрешни работи
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Народен правобранител на Република Северна Македонија
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија
- Други институции доколку се утврди потреба

Тематска подгрупа за рехабилитација на жртвите на репресии во комунистичкиот период:
- Министерство за правда
- Министерство за внатрешни работи
- Државен архив на Република Северна Македонија
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Народен правобранител на Република Северна Македонија
- Агенција за национална безбедност
- Кабинет на Претседателот на Република Северна Македонија
- Генерален секретаријат на Собранието на Република Северна Македонија
- Други институции доколку се утврди потреба

Тематска подгрупа за спроведување на усвоените препораки од работата на историската комисија:
- Министерство за образование и наука
- Биро за развој на образованието
- Министерство за култура
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
- Други институции доколку се утврди потреба

Тематска подгрупа за заштита од дискриминација
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
- Министерство за правда
- Министерство за образование и наука
- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Агенција за остварување на правата на заедниците
- Народен правобранител на Република Северна Македонија
- Други институции доколку се утврди потреба.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:45 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**